СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 декември 1993 година

Скопје, декември 1993 година

**71 (СЕДУМДЕСЕТ И ПРВА) СЕДНИЦА – ТРЕТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 23.XII.1993 г.**

Т.28 стр.11 НАТО

1. АНДОВ СТОЈАН 1, 28
2. АНЧЕВ ЕФТИМ 2
3. АРСОВСКИ БРАНКО 37, 59
4. АЛИУ ХАМИД 39, 60
5. АБДИ ФАИК 44, 59, 71
6. ГОШЕВ ПЕТАР 60, 62, 72, 78, 86
7. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР 18, 21, 28, 29, 62, 79
8. ДАВЧЕВ САНДЕ 27
9. ЖУТА БЕЌИР 5
10. ЗАФИРОВ ЈОРДАН 5
11. ИВАНОВ ИВАН 4, 8
12. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР 24
13. МЛАДЕНОВ ВАНЧО 31
14. МАСАЛКОВСКИ ФЛОРЕ 49
15. МИНОВ ВАНЧО 50
16. ПОПОВСКИ НИКОЛА 13, 14, 15, 18, 82
17. ПОПОВСКИ ДИМИТРИЕ 65
18. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА 38
19. САДИКУ ФЕРИД 40
20. САБРИУ ИЛИЈАЗ 52
21. СПИРОВСКИ ИГОР 55 (ПРОЗИВА)
22. СТОЈАН0ВА СЛАВЈАНКА 75, 80
23. ТОДОРОВА СОФИЈА 22
24. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 35
25. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ 9, 67, 70, 76, 78
26. ЏАФЕР0ВСКИ АЛИЛ 3

Т. 14,15, 16 на стр.47

Т. 17 Стр.60

Т.28 стр.11 НАТО

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 декември 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, саа 1, со почеток во 14,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Митко Анастасовски, Гулистана Марковска, Никола Апостоловски, Панче Насев и Тиме Андонов, ме известија дека 5 оправдани причини не се во можност да присуствуваат ва седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Со оглед на тоа што го завршивме претресот по текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (€0 пратеници).

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење.

I/2.- ДВ/МЛ

Предлагам да се вратиме на **десеттата точка** од дневниот ред - Предлог на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството.

Како што знаете ние општиот претрес го заклучивме.

Сега да се договориме околу амандманите.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за бришење на член 1. Имено таа истиот го повлече.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за бришење на член 1 и член 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Иван Иванов и пратеникот Трајан Мицевски поднесоа амандмани на член 1.

Со оглед на тоа што Владата поднесе амандман за бришење на член 1 кој е составен дел на текстот на Предлогот на закон, нема основа за водење на претрес по овие амандмани.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 4 по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Ефтим Анчев.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:**

Амандманот не го видов, меѓутоа колку што сум информиран се работи за амандман од техничка природа и во таа смисла истиот може да биде прифатен.

I/3.-

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници овие измени на законот за поттикнување на земјоделството ги прифаќам и за овој закон ќе гласам со оглед на тоа што со измените се обезбедува по флексибилна можност Владата да определува за кои земјоделски производи ќе треба да се регреси- раат каматите и за кои земјоделци производи ќе дава регреси за семенски материјали, вештачки ѓубрива Н слично. Мислам дека ова е по-позитивно, промените се попозитивни заради тоа што ако се набројат такоативно кои се тие производи кон треба да бидат регресирани со камати од кредитите, тогаш мислам дека ќе испадне и оние производи кои во определени години ќе имаат добра цена на пазарот да се регресираат, а ќе испадне дека на секого по нешто и на крајот никому доволно, односно ќе бидат оштетени оние земјоделски производи кои во определена производна година, односно во наредната година ќе бидат во потешка состојба. Имено, го чии проблемот со тутунопроизводството и оваа година. Веројатно Владата со овој закон ќе може да интервенира малку повеќе кај регресите на каматите кои се регресираат земјоделските производи и за тутунот и за залихите на тутунот, со тоа што ќе овозможи претпријатијата кои вршат откуп на тутун да можат да ја зголемат откупната цена на тутунот.

Сметам дека она што на определен начин беше кажано вчера дека овој закон треба да ја определи концепцијата за развој на земјоделството воопшто хе држи ниту има таква намера овој закон да определи концепција за развој на тутунот, туку определува одредени области со кои се премираат одредени производи во земјоделството и определува што е тоа што ќе се регресира.

Се поставува овде клучно прашање кои се тие кои ги користат регресите. Имено, ние не сме аграрна земја, јас сакам да го потврдам она што Никола Поповски го кажа. Ако некој мисли дека сме аграрна земја со тоа што имаме неколку земјоделски комбинати во Републиката, тоа не е точно. Ќе бидеме аграрна земја тогаш кога ќе имаме неколку илјади приватни фармери во Републиката, а не неколку комбинати.

Еден од дискутантите вчера кој кажа дека нема концепција за развој на земјоделието е конструктор на државното земјоделство кое се потврди на Четвртиот пленум на ЦК, а вчера држеше говор како немало концепција за развој на земјоделието.

Сметам дека ние како Собрание и Владата сме тие кои треба да го менуваме досегашниот концепт и да овозможиме оние предуслови кои ги има оваа Република да се искористат и да се направи нов концепт за развој на земјоделието за да не се соочуваме со разно разни проблеми секојдневно.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас повеќе се јавив за едно процедурално укажуваше.

Претседателот добро констатира дека со промената на двата члена, членот 1 и член 2 од Владата, практично предложените амандмани меѓу кои спаѓа и амандманот што јас го предложив, ја губат важноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам останете на своите места бидејќи во моментот имаме 60 пратеници, бидејќи во меѓувреме излегоа двајца пратеници кои треба да се вратат веднаш.

Еве во моментот се враќаат пратениците кои излегоа и сега имаме кворум.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (55 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството.

Минуваме на **точка 12** - Предлог на одлука за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1994 година и Проекција на монетарно - кредитната политика за 1994 година.

Предлогот на одлуката и Проекцијата, и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Ве известувам дека Народната банка на Република Македонија ја симна назнаката строго доверливо од овој акт.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Јордан Зафиров.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Сосема е сигурно дека вака концептираната монетарно - кредитна политика на Народна банка на Македонија, односно на Владата за 1994 година многу негативно ќе се одрази на аграр>т, имајќи предвид дека не се изградени други соодветни инструменти на поддршка на аграрот.

I/6.-

Меѓутоа, оваа одлука се потрефува и во година кога аграрот претрпува огромни штети од сушата и блокадата. Но, сепак факт е дека поддршката на аграрот секаде во светот воглавно не се врши со кредитно - монетарната политика. Воглавном тоа е со Буџетот и надворешно- трговското работење, царините и другите инструменти кои стојат на располагање на Владата. Оттаму сосема добро е, иако Буџетот е крајно рестриктивен и со дефицит, сепак стапката во делот на земјоделството не е намалена, односно таа е 1,2, односно зголемена е на 1,86. Тука мора да се додадат и оние давачки од 1993 кои не се измирени. Тоа е една од можностите да може на некој начин да се компензира се она што значи неповолност во аграрот.

Добро е и тоа што Владата сепак прифати на дневен ред да се најде и точката за воведување на посебните давачки при увозот на земјоделски производи што е една од можностите за прибирање односно акумулирање на повеќе средства во Буџетот со што тие средства практично ќе бидат наменети за поттикнување и развој, односно за компензации и регреси во земјоделието. Тоа практично е воведување на прелермани а прелерманот практично е разлика меѓу просечната домашна цена и увозната цена.

На крајот сепак сакам да кажам за што практично е и моето јавување Владата да ги следи состојбите во аграрот кои и онака се тешки и со соодветни свои мерки интервенира за да и така неповолните состојби не се одразат крајно неповолно на нарушување на тековната репродукција. Само да потсетам есенската сеидба беше извршена скоро без ѓубрива, а сега доаѓа и пригрнување на есенските култури. Практично во оваа ситуација во која се наоѓаат земјоделците тие нема да бидат во ситуација да го извршат и тоа.

Не би сакал да зборувам за каматите во првиот квартал од годината, мислам тоа е сосема јасно и многу пати досега потенцирано и дискутирано.

Во оваа прилика сепак би сакал да кажам дека Владата треба да води сметка на распоредување на товарот во ова тешко време, до колку е тоа можно, подеднакво на сите, односно да изгради и други додатни инструменти со кои тоа практично ќе биде овозможено, а не само на поедини гранки. Во оваа прилика само би рекол дека просечниот личен доход во земјоделието, а сигурно и доходот кој го добиваат земјоделците е четири до пет пати помал од организациите кои се во монополска позиција. Не би сакал да ги набројувам, мислам дека се знаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор во општиот претрес? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на точката 1 и на точката 6 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Иван Иванов поднесе амандман на точка 4 со кој Владата не се согласила.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на преамбулата за додавање на зборовите "Собрание на Република Македонија" по точката 7.

Отворам претрес по амандманот на преамбулата поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

I/8.-

Има збор господинот Џевдет Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот на Законодавно - правната комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на точка 4 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам, кој бара збор?

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Прашањето на проблемите со земјоделското производство на овие седници беше доста присутно, претпоставувам од повеќе причини, секако и пред се респектирајќи ги и специфичностите во ова производство.

Во досегашните искажувања кои беа присутни беше укажано на нерамноправната застапеност на поодделните земјоделски производи како во делот на стимулирањето на производството со поедините заштитни мерки кои што ги предлага Владата, така и во делот на кредитно - монетарната политика. Во смисла на тоа сакам да истакнам дека пооделни култури, вклучувајќи го тука и оризовата арпа не најде поддршка ниту со едните ниту со претходните решенија, а и во делот на потребните средства со кои треба да биде забрзувано производството на оваа култура не најде место.

Јас сакам само да укажам дека ова не е добро и дека не постојат релевантни појдовни основи со кои може Владата односно Народна банка на Македонија да прави такви тесни разграничувања. Сето тоа укажува на една субјективност што мислам дека не е во ред. Мораше

Владата да покаже една поголема флексибилност во една подеднаква застапеност на поедините земјоделски култури.

Сакам да укажам дека ова нешто ќе има, поготово во делот на оризопроизводството едни негативни последици што мора Владата да биде соочена со ваквите работи.

Од тие причини уште еднаш замолувам Владата да ја преиспита можноста да биде прифатен амандманот поднесен од моја страна за дополнување на став 3 од точка 4 со кој барем да се обезбеди некоја правичност или рамноправност на оризовата арпа во однос на останатите земјоделски култури кои најдоа поддршка во политиката на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Владата има нешто; да каже? (Не).

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (26 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на точка 4, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот за додавање на зборовите "Собрание на Република Македонија" под точка 7, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа амандманот на Законодавно – правната комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59 пратеника).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1994 година и Проекцијата на монетарно - кредитната политика за 1994 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, предлагам доколку имаме доволно пратеници да минеме на точката 28 - Одлука за пристапување на Република Македонија во НАТО, заради тоа што во јануари ќе има САМИТ, во НАТО ќе се разгледува, а ние да створиме услови нашата Влада да ги преземе сите мерки, со тоа што би ја овластиле , само да видиме колку имаме пратеници.

(има доволен број на пратеници).

Молам, дали се согласувате на точката 28.

Минуваме на **точката 28** - Предлог одлука за стапување на Република Македонија во членство во организацијата на Северно-атланскиот пакт НАТО.

Предлогот на одлуката, извештаите од работните тела и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 121 од Уставот на Република Македонија оваа одлука се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес.

Напоменувам дека министерот за надворешни работи штотуку се врати од патување, каде имаше контакти со функционери на НАТО и негова оценка е дека треба оваа Одлука денес да се донесе.

Молам, дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Од формално правна гледна точка сакам да укажам дека предлагачи на оваа одлука се пратениците од опозицијата, кои моментално во поголемиот број , мнозинството не се присутни, така да Собранието при одлучувањето да го има во предвид фактот дека предлагач формално- правно на оваа одлука се пратениците опозицијата

кои можеби заради нив, од оправдани причини го известија Собранието дека не присуствуваат на седницата. Затоа сметам дека не е упатно да се создава едно убедување дека за оваа одлука гласаа само претставниците од коалицијата, иако постои убедување и уверување кај сите пратеници, од сите пратенички групи дека оваа одлука треба да се усвои едногласно и Република Македонија да ја покрене постапката за пристапуваше во НАТО пактот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од оваа недела само утре е работен ден, вие тоа знаете. Треба на Владата да и дадеме можност навреме да ги подготви сите потребни активности.

Инаку, колку што знам од сите пратенички групи има потписници, сигурно се потписници и од опозицијата, тоа останува и никој од предлагачите не верувам дека ја повлекува Предлогот на одлуката и затоа да продолжиме со општиот претрес.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство поднесе амандмани на насловот на Предлогот на одлуката; член 1; и на член 2; а пратеникот Ташко Киров поднесе амандман за бришење на член 2, по кој предлагачот не е произнесен.

Отворам претрес по Амандманот на насловот на Предлогот на одлуката, поднесен од Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас не знам дали има некој од предлагачот кој ќе може да го прифати или не, меѓутоа, во секој случај апелирав до пратениците да го прифатат амандманот кој се провлекува во целата одлука од причина што предлагачот се одлучил во Предлогот на одлуката организацијата да ја третира како организација на Северно-атланскиот пакт - НАТО, што сосема отстапува од она што таа организација дефакто е, а тоа е Северно-атланска договорна организација - НАТО.

Мислам дека Собранието треба да го усвои амандманот и на насловот и понатаму, вториот и третиот амандман каде што се провлекува истото име, затоа што доколку се усвои одлуката така како што е предложена, дефакто се изменува името на НАТО организацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам овој амандман да го третираме од редакциска природа бидејќи стручњаците во Министерството мора да знаат точно како треба да гласи тој наслов и во редакцијата на текстот, при од- јавувањето точно да се даде и да не одиме по амандман.

Ако тој амандман се провлекува, тогаш да не расправаме по амандмани.

Дали се согласува Собранието?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Во првиот и третиот амандман?'е само името напред.

II/4

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сеедно е тоа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Во име на Комисијата барам да се гласа за амандманот кој го има поднесено Комисијата, затоа што мислам дека е недолично на ваков начин да се минимизира напорот кој го има вложено Комисијата и во согласност со Министерството за односи со странство и во согласност со Министерството за одбрана кои имаа претставници на расправата на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. Мислам дека тоа е сосема безначајно прашање кое има начин како се решава, меѓутоа, кога така, ќе одиме по амандмани Само верувајте и по другите точки има амандмани од сличен карактер и така месеци не не спасуваат. Треба да знаеме како работиме.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на одлуката, поднесен од Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство.

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(39 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на Предлогот на одлуката поднесен од Комисијата за надворешно – политички прашања и односи со странство. Само тоа не значи дека ова не може да се промени. Да го усвоиме овој заклучок по овој текст, кој го предложив овде.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство.

Молам, кој бара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас предлагам Собранието да се преиспита како гласаше по првиот амандман и под влијание на претседателот со еден збор, дека е ова безначајна промена, сепак да го промени и насловот на одлуката затоа што мислам дека немаме право да пристапуваме во организација со име кое не постои - НАТО пакт.

Инсистирам да се гласа и по овој амандман, затоа што мислам дека на ваков начин нема далеку да оди одлуката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, првиот амандман мина, гласањето не можеме да го повторуваме.

По овој амандман дали уште некој бара збор?(Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(40 пратеника).

Овој амандман е усвоен.

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(10 пратеника)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство.

II/6

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Дали некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (2 пратеници) Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 2, поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе. (го нема).

Дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (29 пратеника

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, поднесен од Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве потсетувам дека за донесувањето на оваа одлука потребно е мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Во Предлогот на одлуката е дадена алтернатива . За алтернативата ќе се изјасниме потоа.

Прво да ја донесеме одлуката за пристапување на Република Македонија во Северно-атланската спогодба, а потоа ќе се изјасниме за алтернативата во Одлуката која е дадена од предлагачот.

Молам, кој е за донесување на одлуката, нека крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против?(2 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за стапување на Република Македонија во членство во организацијата на Северно-атланскиот пакт НАТО.

Ве молам, за прецизирање на овластувањето што е дадена алтернатива во текстот на одлуката да се определиме сега за тоа.

Предложено е барањето да го поднесе претседателот на Републиката, а исто така, алтернатива е да го поднесе Владата на Република Македонија.

Ве потсетувам дека во еден од текстовите на амандманите имаше дел од амандманот и еден предлог. Предлогот беше тоа да го направи Владата.

Молам, кој е за тоа претседателот да поднесе предлог за зачленување во оваа организација, нека крене рака? (57 пратеника).

Според тоа утврдено дека претседателот треба да го поднесе ова барање.

Минуваме на **точката 13** - Предлог на одлука за девизната политика и проекција на платниот биланс на Република Македонија за 1994 година.

Предлогот на одлуката и проекцијата на платниот биланс, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека одлуката за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на РМ за 199 4 година е доставена заедно со табеларен преглед кој претпоставувам е составен дел на одлуката, предлагам Владата да се произнесе по делот од билансот каде што стои од донаторската група во капиталните трансакции од 80 милиони долари затоа што последните два три дена добиваме упорни информации дека донаторската помош се сведува на 35 милиони долари и како од тој аспект Владата ќе се однесува кон оваа проекција на платниот биланс.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, сметам дека одлуката што сега ја разгледуваме за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на РМ за 1994 година, како и одлуката што

претходно ја донесовме за монетарно - кредитната политика за 1994 година се едни од клучните документи за реализација на Стабилизационата програма.

Имајќи предвид дека во креирањето на платно - билансните агрегати е стартувано од реалните проценки на расположливата материјална база на стопанството, имајќи ги во предвид сите тешкотии во делот на производството, јас би дал поддршка на двете, посебно на одлуката за девизната политика ќе се произнесам за потребата од согледување во времето на реализацијата на самата одлука на ефектите од законските прописи кои што ги донесуваме во овој пакет и преоценка на влијанието на два фактора кои што се дел на самата одлука, заради тоа што тие како што се лимитирани и како се предложени во самата одлука, посебно за еден, а тоа е во делот на определбата за поттикнувањето на извозот многу малку ефекти ќе се направат.

Флуктуирачкиот девизен курс на кој му е даден третманот на носечки инструмент на девизната политика во наредната година, евидентно не е доволно моќен да ги разреши увозно - извозните структурни ценовни диспаритети в,о просечно ниско акумулативното стопанство што се регистрира низ покажаните резултати од работење. При тоа нагласено зголемени се трошоците во претпријатијата и сметам дека во рамките на преговорите што сега се водат во меѓународните институции треба да се даде нагласено место на зголемените трошоци, посебно во транспортните инпути што ги имаат нашите претпријатија и трпат големи штети и го прават нашето извозно стопанство не конкурентно према конкуренцијата на светските пазари. Сметам дека на овој дел треба да се работи доста интензивно и сигурно не е изоставено во преговорите што досега се водеа со претставниците на меѓународните институции но, сметам дека понагласено место , или уште

повеќе треба да се изостри обврската за евидентирање на таквите штети кои што нашето стопанство ги има посебно со тоа што одредени стопански субјекти го намалија своето производство дури и испод 50 отсто.

**ПЕТАР ЃОРГИЕВ: (**Продолжение)

Во делот на определбата за поттикнување на извозот преку повратна царина и други увозни давачки со дополнително поттикнување на извозот на одделни земјоделско прехранбени производи односно преку насочување во буџетската исплата на стимулациите, сметам дека треба да се преоцени само тогаш кога ќе се види дека има одредени ефекти од ова што сега ние го донесуваме низ овие закони што се во рамките на стабилизационата програма од причини што овој дел од одлуката е со доста низок износ односно скоро една четвртина од она што веќе се оствруваше во делот на поттикнувањето на извозот за 1993 година. Значи, треба да му се даде нагласено место на извозот ако сакаме на одреден начин да го забрзаме производството посебно на одредени стопански субјекти кои беа извозно ориентирани, што значи поголемо вработување,а воедно и платно - билансната позиција на Републиката на одре- ден начин би се подобрила.

На крајот да кажам дека со одлуката и мерките кои се предвидени во самата одлука практично ние ја потврдуваме нашата суверeност и на сите наши доверители на Републиката кои се преземени од порано им докажуваме дека сакаме да им ги вратиме долговите,а за тоа одиме и во договори и преговори на кој начин ќе се премостат тие обврски за враќање, а со тоа и гаранцијата за враќање на тие договори се потврдува. Тоа значи дека се отвора патот со само таквата наша одлука за враќање на долговите и потврда за нивно ефективно враќање низ одредени форми што следат во преговорите и се отвора патот за зачленување на РМ во меѓународните финансиски институции.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерката за развој, госпоѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Проекцијата на платниот биланс е секако едно од клучните прашања во остварувањето на стабилизационата политика и програма и оттаму може да се каже дека сите други документи и закони што ги носиме и биланси што ги подготвуваме за наредната година на некој начин наоѓаат своја рефлексија и се прекршуваат преку овие параметри дадени во платниот биланс. Основна карактеристика,како што беше забележано е тоа што изразуваме подготвеност да го консолидираме екстерниот дефицит, да започнеме со отплатување на долговите во 1994 година и да го измириме неотплатениот долг само кон мултилатералните финансиски организации.

Во конструкцијата за отплатување на долгот, она што беше забележано од пратеникот Поповски, покрај другото, вклучен е и елементот донаторска група со износ од 80 милиони долари. Знаете во заокружување на таа финансиска конструкција на која работевме заедно посебно со ММФ беа разработени неколку сценарија, најпесимистичко беше учеството на донаторската група со 20-тина милиони долари она што е најоптимистичко 80 милиони долари.

Ние како стратегија во преговорите сметавме дека е добро да се оди со овој износ. Што ако ова не се оствари, беше прашањето за кое се бараше Владата да се изјасни. Ова е сепак проекција на платниот биланс за 1994 година, ќе следи согледување и тековно следење на неговата реализација. Меѓутоа, практично се она што не ќе успееме да го покриеме од донаторската група ќе мора да се покрие на друг начин. Да ј<а спомнам можноста за користење на кредити за премостување во реализацијата на оваа обврска.

Уште нешто, напорите околу поголема партиципација од потенцијалните донатори и натаму се во тек преговорите, договорите и

натаму траат, некои веќе наговестуваат поголемо учество во измирувањето на долгот и не беше упатно ние да одиме со некоја многу мала сума во проекцијата на платниот биланс за наредната година.

Уште нешто што беше спомнато во расправата на што би сакала да укажам тоа е околу можностите за стимулирање на извозот. Сосема сигурно тоа ќе биде една од значајните политики на оваа Република што е значајно за мала земја каква што е Македонија, зголемување на извозната потенција на нашето стопанство. Тоа, особено среднорочно и долгорочно ќе се решава и низ структурните промени за зголемување на извозниот капацитет на економските субјекти, но во овој момент знаејќи ги материјалните ограничувања покрај другото и на Буџетот што го усвоивме веќе, најмногу се потпираме на реалното ниво на девизниот курс кој би требало да биде мотивирачки елемент за поттикнување на извозот, а мораме да ги гледаме и другите мерки што ќе се случуваат кај претпријатијата дури и во следната година. Ограничувањето на можноста на порастот на платите, поедноставување на постапката за ослободување од технолошкиот вишок и други мерки, а ефектите од тие мерки покрај другото треба да бидат насочени и за зголемување на нивниот извозен капацитет и извозните можности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на точка 2 став 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

ЗПК поднесе амандман на точка 9, за додавање на текст по точката 9 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Ве молам, пред да констатирам исход од гласањето молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Имаме 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за девизната политика и проекцијата на платниот биланс на Република Македонија за 1994 година.

Преминуваме на **14-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за стапката на придонесот за вработување.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието, како и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас и вчера учествував во расправата кога ги донесувавме законите од оваа сфера особено Законот за

вработување. Мислам дека Законот треба да се донесе и немам ништо против, знаеме што значи невработеност и ова што ММФ смета дека ние сме држава која е преврaботена, а имаме армија невработени и сигурно ќе гласам за законот. Меѓутоа, малку ме чуди одлуката имам една своја дилема, па ќе се искажам во што ми е дилемата.

Мислам дека е непримерно Заводот за вработување во ова време да дели вишок за своите вработени од 25% кога ниту една друга организација од општествените дејности немаат услови тоа да го напра ват. За пример го земам здравството кога знаеме дека платата се дели на два пати по 50%, втората половина уште не сме ја зеле, да не кажам дека и претходните 7,2% не ги вкалкулиравме во платата, тие се искористија за наводно пеглање и сега имаме диспаритет на платите во целото здравство и шаренило.

Мојата дилема посебно се зголемува што истиот Завод до сега не ги исплатил односно не ги исполнил обврските спрема стечајните работници и тоа 3 до четири месеци каде спаѓаат и вработените во ЧИК каде стечајната постапка е во тек, некои се вратени ан работа, некои не, еве вчера и завчера имаа два собири во Куманово, значи обврските не се измирени од она што го нуди Законот за стечај. Исто така, и оние кои добиваат материјална помош и тие четири месеци не ги добиле овие средства, па затоа е чудно вработените во овие заводи направиле корекција односно зеле разлика од 25%, а не ги измириле обврските.

Мојата дилема би била дали повторно се наметнува проблемот и прашањето за кого ја зголемуваме стапката за вработените во Заводот за вработување или за оние што треба да ја користат оваа таканаречена помош која е минимална што Законот за стечај им ја нуди на вработените, знаеме дека вчерашниот закон што го изгласавме Законот

за вработување е прилично рестриктивен. Овде ги намалуваме правата на оние што добиваат материјална помош и стечајните работници знаеме дека оние што имаат стаж од 22 до 25 години по стариот закон 36 месеци добиваа материјална помош, а сега тоа право го сведовме на две години. Ако сме тука рестриктивни чудно е за мене да вработените во Заводот за вработување по некои свои закони си обезбедуваат паричен надомест во форма за вишок, а оние што треба да ја добијат таа парична помош ја немаат,иако е симболична.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54)

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирам- дека Собранието ја донесе Одлуката за стапката на придонесот за вработените.

Преминуваме на **15-та точка** - Предлог на одлука за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јануари 1994 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Давчев.

III/7

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници, ние за кратко време добивме две одлуки од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување со таа разлика што првата одлука беше со стапка од 21%, а втората одлука со 20%.

На првата одлука поднесов еден амандман и сакам во општиот дел да образложам некои мои видувања во однос на стапката на придонесот од платите за пензиско и инвалидско осигурување и бидејќи нема да биде амандман по новата одлука, па би сакал понатаму Фондот да размисли околу оваа работа.

Јас предложив бидејќи сите организации немаат исти услови на работење, би требало да имаат и различни ставки на плаќање придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Утврдувањето на пензиската основа е база од платите, а не на база на коефициентот на плаќање. Предложив сите организации кои се од производство на нафта тоа се гранките 0,1; 0,4; производство на деривати на нафта 0,1; 0,5; воздушен сообраќај, ПТТ услуги, надворешна трговија со нафтени деривати, со нафтени деривати на големо и мало, туристичко посредување, банкарство, осигурување на имоти и лица, тие да плаќаат стапка од 23%, а другите организации од стопанството да плаќаат стапка од 18%.

Тоа ме наведува овој амандман да има своја цел, бидејќи организациите немаат исти услови на работење. Сите овие што ги наведов ни една не била неликвидна, ни една не отишла под стечај, НИ една организација ОД овие организации не доцнела со исплата на личниот доход неколку месеци така што мислам дека Фондот треба да размисли за натамошно утврдување на стапката на пензиското и инвалидското осигурување, стапката од придонесот на плати да биде различен во зависност од условите на работење.

Познато е во светот дека организации кои се монополски кои се единствени производители на одредена опрема или други производи кои ги произведуваат сами во таа држава дека плаќаат поголема стапка за сите давачки и затоа тие се принудени да формираат исти такви организации со цел да им се намали стапката. Мислам дека во иднина и тоа ќе дојде кај нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ѓорѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, пред да се произнесам по делот на одлуката би сакал само да објаснам одредени ставови на Комисијата кои беа во функција на самата одлука, а директно не се сврзани со донесувањето на самата одлука.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:** (продолжение)

Наиме, во Комисијата за стопанство не беше спорно во делот на прифаќањето на одлуката за зголемување на стапката за зголемување на придонесот од 18 на 20%. Тука, во рамките на Комисија веќе трета голтна се алудира и се бара од Владата да се промени системот на пресметнување на придонесот за што имаме веќе и заклучок во ова Собрание усвоен. Прифативме дека преку одлуката такво едно наше барање не е можно ни да се реализира па оттука сметам дека би требало да се издвои тоа наше залагање што беше во Комисијата за стопанство, но и понатаму останува барањето пресметнувањето на придонесите да биде врз основа на нето лични доходи односно не на бруто исплати, бидејќи евидентно е дека со зголемување на структурата на придонесите или вкупната висина на придонесите, веќе одредени корисници кои што не поднеле барање а преку зголемувањето на овие стапки, како што претходно ја донесовме одлуката за вработување така и оваа одлука за 2%, директно влијае на останатите корисници во зголемувањето на нивните права од придонесите што се утврдени.

Во делот на одлуката само би рекол дека дефицитот што е утврден или проценет во 1993 година, со 3,9% од општествениот производ или 4.294.000.000 денари е резултат на сегашната состојба за задоцнување со исплатата на пензиите за повеќе од 2 месеци. Што значи дека ваквата состојба е неодржлива и сигурно дека треба да се преземаат одредени мерки, меѓу кои и оваа со одлуката, барем да се ублажи тој дефицит односно од 3,9% дефицитот во 1994 година се планира на 2,9%.

Јас би укажал на тоа, до колку се искористат сите досегашни интервенции во делот на законската регулатива и се бара доследно спроведување на законите што сега ги носиме, посебно во сферата на исплатата на личните доходи, сметам дека еден голем дел од субјектите кои го избегнуваат на определен начин плаќањето на придонесот ќе повлијае за сенирање на состојбата во пензискиот фонд.

Каква ние состојба сега имаме и од каде ни е тој дефицит Прво имаме зголемен број на пензионери со постојниот закон за пензионирање кој што е во постапка на определено мало рецесно делување со тоа што би требало и во тој дел да се стави одреден ред, односно да се намали притисок на нови пензионери со укинување на одредени права кои што ги имаа одредени граѓани односно одреден број вработени. Што значи дека тука треба да се очекува одреден ефект. Второ намален е бројот на обврзниците кои што го плаќаат придонесот. Тој број е рапидно намален. Сметам дека треба да се направи една поопстојна анализа, кои се тие обврзници и на кој начин го избегнуваат плаќањето на придонесот за пензиско осигурување, кое што треба да биде приоритетно во сите обврски на претпријатието.

Трето намалена е основицата за плаќање на придонесот. Знаеме дека голем број на стопански субјекти посебно затоа што нема контрола во претпријатијата во приватниот сектор, кои што на одреден начин со многу мала основица што не е утврдена како осно- вица, придонесува да се плати и помал дел во пензискиот фонд што значи тука се трпат одредени штети и од тука е зголемен дефицитот.

И на крајот сигурно делот на мерките што треба да уследи во делот на финансиската дисциплина каде што имаме еден голем број на претпријатија кои што го немаат рефундирано а не неисплатено доходот за што една заблуда е само ако се каже дека тие претпријатија низ извештаите кои што се следат во СОК дека го немаат исплатено личниот доход. Сметам дека личниот доход е исплатен само не е фундиран. И од

тука произлегува дека тие стопански субјекти немаат земено личен доход и немаат платено обврска пред заедницата, а тука е и делот за пензискиот фонд. До колку се направат, би рекол овие заложби за решавање со новата законска регулатива, сметам дека и притисокот за зголемување на стапката ќе се намали или воопшто ќе нема потреба од една ваква стапка на зголемување. Во овој момент мислам дека зголемувањето е неопходно заради времено санирање на дел од дефицитот и од тука уште еднаш да повторам Комисијата за стопанство го прифати предлогот на одлуката но во делот, она што и претходно го кажав и понатаму инсистира на промена на системот на пресметување односно пресметка на придонесот на нето плати.

**СОЈАН АНДОВ:**

Има збор, господинот Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници да бидам искрен, навистина, е ризик да се дискутира за оваа одлука , бидејќи состојбата во фондоти со исплатата на пензиите е сосема позната. Меѓутоа, морам да кажа, дека и состојбата во стопанството на оние на кои треба да им се зголеми оваа давачка исто така е крајно критична. Дотука велам, во какви услови сакаме да ја донесеме оваа одлука за зголемување на стапката на придонесот за 2% на ПИО.

Не сакам многу да ве заморам но сакам да изнесам некои податоци за да ја согледаме фактичката состојба во која се наоѓаме и во какви услови ја донесуваме оваа одлука. Исплатата на пензиите е позната, касни повеќе од 3 месеци. За жал токму на овие пензионери кој кога тие беа во работен однос пензиите се исплаќаа да не речам еден месец однапред. Сега кога тие дојдоа да примаат пензии тие не можат да ја дочекаат, односно тие чекаат 3 месеци на исплата. Ова е еден факт за кој не можам да најдам никакво оправдување и треба да се наоѓаат

решенија. Меѓутоа ова решение што е понудени мислам дека не е баш најадекватно бидејќи затвора една рана а отвора многу поголеми рани. Тоа го кажувам затоа што состојбата , беше изнесено негде за бројот на вработените, оние кои плаќаат придонес за ПИО се сведе на 1,2 : 2,5 односно на 1,2 пензионери доаѓаат 2,5 вработени. Состојбата во Струмица е нешто слична или идентична. Вкупниот број на вработени е 21.058 а бројот на пензионерите 8.242 или односот е 2,55 вработени еден пензионер. Меѓутоа, и под вакви услови со одредено задоцнување, морам да кажам дека моменталната фактичка состојба во Струмица е во корист сепак на пензионерите, бидејќи од службата во Струмица што ја следи оваа проблематика добив податоци дека од 8.242 пензионери просечната пензија изнесува 3.300 денари а при тоа најмалата пензија е 2.500 денари а најголемата е 13.000 денари. Овие податоци се земени со 15 ноември. Со иста оваа дата состојбата во сто- панството во Струмица е следната. Заклучно со 15.XI- има едно големо шаренило во исплатата на платите во Струмица. Одредени стопански субјекти во Струмица имаат до 15 ноември земено плата за октомври месец а одделни стопански субјекти имаат земено плати само за мај месец, за VII месец, само за IX месец, само за IV и само за VIII месец. Тоа е едно шаренило и платите за жал, морам да кажам се во оваа состојба, барем според овие податоци што ги зедов од Службата за контрола при СОК во Струмица,платите се многу помали од колку што се пензиите во Струмица.

Еве еден конкретен пример за исплата на плата во општествено претпријатие, или претпријатието за "Санкирам" за октомври месец е исплатено каде што се вработени 367 работници со просечна плата од 3.249 денари. Во "Југопромет" со 855 работници просечната плата е

704,50 денари , во ЗИК Струмица каде се вработени 2.308 работници, просечната плата изнесува 1.786 денари а исплатена е во одредени друштва во едно за мај месец во друго во јуни во трето за јули а во едно само за март , додека за наредните месеци до ноември воопшто не се исплатени плати. Така во просек велат во овој комбинат платите се исплатени некаде со VI месец а од VII наваму воопшто не се исплатени. Во организацијата "Струмичанка" каде што се вработени моментално 494 работника исплатена е просечна плата за IX месец и изнесува 2.597 денари. Во "Треска" исто така, малку состојбата е подобра зашто платата е исплатена со IX месец а во некои друштва со VIII месец но платата е нешто поголема и изнесува 3.039 денари. Во секој случај платата во Струмица од просечната пензија која се исплаќа со 3.300 денари.

Една друга состојба што треба да не загрижува, овде се гледа дека општествените претпријатија или стопанските организации во Струмица кои треба да бидат на некој начин а и досега се оптоварени и натаму треба да бидат оптоварувани за обезбедуваше средства во пензискиот фонд мислам дека на некој начин ќе се согласите не би требало да бидат оптоварени бидејќи нивните примања се многу пониски од колку што треба да се издвојува за оние кои на некој начин моментално имаат , и ако со поголемо закаснување, меѓутоа сепак нешто поголеми примања.

Состојбата што ја добив од инспекцијата за труд каде има извршено околу 600 увиди кај новите стопански субјекти, да не речам приватните претпријатија и други нови стопански субјекти а што треба да не загрижува, состојбата е неповолна и тоа треба да не поттикне да бараме начин и решение за подобрување на состојбите во пензискиот фонд по други патишта, бидејќи од 205 осигуреници 77 не се осигурени односно не плаќаат придонеси за ПИО. А што е уште подрастично од 120

осигуреници работодавачи, раководители на фирмите 7 8 не се осигурени односно не плаќаат придонес за ПИО. Тоа се носители на одредени фирми како работодавачи не плаќаат придонес дури и за сопствено осигурување. Така што мислам дека е многу позначајно да се најдат новите обврзници на овој придонес а не само на овој туку и за здравство, за образование за да можеме на таа основа да најдеме можности да ја санираме состојбата на пензискиот фонд а со тоа да се обезбеди и по редовно исплаќање на пензиите. До една ваква состојба да не речам медицински со една рендгенска снимка на состојбите во еден дел на стопанството од нашата држава, мислам дека и ние како пратеници треба да бидеме оставени пред една дилема дали така едноставно треба да се прифати ова решение за зголемување на стапката на ПИО или навистина треба да наоѓаме други потрајни решенија, посигурни решенија што ќе обезбедат, и стопанството што е крајно загрозено дури критично да не биде понатаму загрозено и оптоварувано бидејќи не ќе биде во состојба да ги плаќа тие придонесе и ќе се доведеме во состојба и оние директори и оние стопанственици кои до сега на определен начин се трудеа да одговорат на прописите и да ги почитуваат законите да мора да наоѓаат одредени решенија со кои ќе можат да бидат избегнувани овие законски обврски, а при тоа на некој начин да можат да обезбедат плати за своите работници. На тој начин состојбата и прашањето на пензискиот фонд и натаму ќе остане отворено.

Оттука мислам дека треба да се наоѓаат решенија што нема да асоцираат на она сипување од шупливо во празно туку навистина ќе има реални извори за да можат и овие побарувања да бидат оправдани за што ние навистина не можеме да најдеме никакво оправдување со тоа да бидеме задоволни токму поради тоа што го реков и на почетокот за овие

луѓе кои се сега корисници на пензии, а гарантирам дека тие луѓе кога беа во работен однос тогаш пензиите се исплаќаа месец дена од напред односно за месецот што доаѓаше се примаше пензија,. Сега кога тие треба да примаат пензија да не можат да ги добијат и со закаснување од три месеци. Затоа морам да кажам дека и јас сум во дилема дали да прифатиме некое такво решение или да бараме решенија кои ќе бидат многу посигурно и многу по трајни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Димитар Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Што се однесува до ова прашање јас мислам дека е најдена категоријата личен доход и стапка 20% како најдостапна категорија финансиска за Министерството за труд и социјална политика. Меѓутоа, тоа е што, решението е такво заради тоа што пензионерите претставуваат социјална категорија. Можеби требаше да се има подруга стратегија заради тоа што 20% од бруто личниот доход покрај овие рестрикциони закони што ќе се применуваат во сферата а личните доходи претставува уште еден удар за личниот доход на работените. Кога зборувам дека пензионерите се веќе социјална категорија, мислам дека може можеше да послужи како извор прелевање на средства од социјалните програми за да овој процент биде помал. Што сакам да речам? Карактеристично е дека во овие 3 години ¼ се нови продуцирани пензионери. Тоа е прилично голем број. Меѓутоа, зборот ми е во следното во вкупниот број на пензионери 20% се инвалиди на трудот. Еден таков висок процент од вкупните пензионери 20% инвалиди на трудот нешто кажува, односно зборува дека таму каде што се продуцираат и квалификуваат инвалиди на трудот нешто не во ред. Тоа е голем број на пензионери. Излегува дека сме болна нација. А во

пракса не е тоа така. Многу од оние што се здобиени од инвалидска пензија и натаму работат. Ајде да launch »га стопанската инспекција ќе го регулира тоа прашање. Меѓутоа нормативните акти на фондот препорачувам сите оние кои се носители на инвалидска пензија односно се стекнале со такво инвалидско пензионо право да бидат подведени на контролни прегледи за да може вој број ригорозно да се следи и да не се зголемува и рестриктивноста да биде праведна. )

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Арсовски:

V/1.- ЛП/ОМ

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, често пати кога се среќавам со лицата кој работата во стопанство на мене како пратеник и како претседател на Комисијата многу пати ми поставуваат едно прашање велат: Добро, бранко да разговаравте толку за стопанството, колку што разговарате за пензионерите, најверојатно индиректно со решавање на стопанските проблеми ќе ги решевме и проблемите сврзани со пензиско инвалидското осигуруваше. Јас ја потврдувам таа нивна теза, заради тоа што ако расправавме повеќе за стопанство и ако ги разрешувавме проблемите во стопанството веројатно ќе имавме индиректно разрешување на проблемите сврзани со пензиско инвалидското осигурување. Меѓутоа, состојбата е таква каква што е.

Јас нема да елаборирам комплетно за севкупната состојба во пензиско инвалидското осигурување и проблемите сврзани за тој дел

заради тоа што господинот Младенов и претходниот дискутант извонредно изворно укажаа на одредени проблеми кои се ударни во пензиско инвалидското осигурување. Меѓутоа, морам да спомнам едно. Имено, оваа Влада и овој парламент можеби најмалку придонесоа да имаме една ваква состојба во пензиско инвалидското осигурување токму заради тоа што и овој парламент и оваа Влада не донеле таков либерален закон со голем број на права а со многу мали можности за остварување на тие права. Меѓутоа, состојбата е таква и ние нормално продолжуваме да ги разрешуваме основните проблеми врзани за законот за пензиско инвалидско осигурување.

Меѓутоа, без оглед на тоа сакам да спомнам дека стапката која се нуди односно зголемувањето што треба да се изврши на стапката не

произлегува само по себе. Практично дискутиравме долго време за проблемите врзани со пензиско инвалидското осигурување, ако кажеме дека две години имавме извонредни информации и анализи и преку сите нив дојдовме до констатација дека состојбата во пензиско инвалидското осигурување е многу лошо, а дефакто и ние кои доаѓаме од средините каде има пензионери знаеме дека сепак пензионерите не примаат редовно пензија и нивната пензија доцни два до три месеци.

Во тој контекст, анализирајќи ги вкупните состојби и она што заклучивме на Собранието на една од претходните седници, се определивме покрај другите прашања да кажеме дека има потреба и од ревидирање на постојната стапка што е присутна од 18%, заради тоа што со зголемувањето на оваа стапка мислиме дека сепак Ѕе ги разрешиме проблемите. Во тој контекст треба да одиме дека сепак не треба многу да дискутираме за проблемите заради тоа што изворните податоци во новиот закон, кои се поместени, кажуваат дека има потреба од зголемување на стапката. Нека ни простат стопанствениците, но фактот е таков. Меѓутоа, мораме да кажеме дека голем број пензионери преку технолошкиот вишок, инвалидската пензија, докуп на стаж, административните пензионери придонесоа сепак овој број да биде да не кажам енормен и немаме можности преку други материјални средства да ги покриваме нивните потреби.

Во таа смисла, ја подржувам одлуката за зголемување на стапката од 18 на 2 0%.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Никола Стојановски.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сосема кратко ќе кажам неколку зборови. Додека има вработени ќе има и пензионери

А состојбата што стана таква, тоа е поради тоа што најголем број на пензионери се постигна со технолошкиот вишок, кој сиот отиде во пензионери и административни пензии. Од тие причини, мора да се бара чаре, оваа состојба која сега ја имаме со однос дваипол вработени на еден пензионер, наместо четири ипол кои беа пред тој технолошки вишок да се преточи во пензионери,а веројатно таа ќе се поправа понатаму со овие програми кои денес се донесуваат. Оттаму произлегува дека тоа е еден од главните генератори што Фондот аз пензиско и инвалидско осигурување дојде во таква состојба. Тука се и редица други работи, стапката која беше ниска, потоа финансиски недисциплина, неприбирање на средствата, тоа се причините кои доведоа до ова состојба. Таа состојба треба да се поправи, а една од мерките е таа која Владата ја предлага со оваа стапка и другите мерки кои таа ги презема.

Оттаму, апелирам до сите пратеници оваа стапка да се изгласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, не е проблем дали стапката ќе биде 20 или можеби ќе биде 21, туку суштинскиот проблем е во следното. Поради тоа што фондот за пензиско и инвалидско осигурување бара да се зголеми за 2%, нека биде и за 3% начинот на пресметувањето пречи. Зошто да не биде начинот на пресметување на нето, затоа што според предлогот е на бруто. По неколку закони односно по сите закони добиваме образложение дека искуството на западните земји кои имаат развиено стопанство и која е таа логика да не го менуваме пресметкоениот начин за стапките. Зошто што тогаш да не го прифатиме и модерниот начин на пресметување од запад. Факт е дека тоа е оптоварување за стопанството, меѓутоа, какви ни се состојбите во фондот за пензиско и

инвалидско осигурување, и тоа е факт што треба да се елиминираат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Ферик Садику.

**ФЕРИК САДИКУ:**

Почитувани пратеници јас го подржувам зголемувањето на стапката од 18% на 20% меѓутоа, би сакал да истакнам уште некои мои видувања.

Заедничките служби во фондот за пензиско и инвалидско осигурување не работат според утврдените критериуми од страна на Владата. Имено, во последно време овие служби надвор од критериумите пропишани од страна на Владата ги зголемиле личните доходи односно делат разлики, што не е во согласност со правата на другите заработени односно работниците кои се финансираат од буџетот. На мислење сум дека и овде има доста неправилности, а повеќе пратеници нешто изнесоа по повод дискусијата за точката 14 - Предлог на одлука аз стапката на придонесот за вработување, -што значи и овде има доста неправилности и очигледно не се почитуваат пропишаните критериуми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Кога државата не е ефикасна или поточно речено Владата е неспособна преку своите инспекции и администрација да ги присобере со закон утврдените придонеси од обврзниците заради ликвидност и солвентност на фондовите, пред се на фондот за пензиско и инвалидско осигурување, најлесно е да се посегне по висината на стапката на придонесот, сметајќи дека тоа ќе го реши проблемот. Ова го велам

заради тоа што преку стапката односно висината на стапката на придонесот дефакто зборуваме за санирање на состојбите со дефицитот во буџетот на фондот за пензиско и инвалидско осигурување или, таквото зголемување може би и претставува некое решение, меѓутоа, краткорочно со краток здив за да бидат поизразени дубиозните со тек на време и да се одразат со поголеми потреси, повторно со барање за зголемување на стапката на придонесот, меѓутоа, со поставување на едно ново основно прашање: Дали тој магичен круг има крај и граница и дали со ова зголемување ќе се решат проблемите за санирање на состојбите во фондот.

Несомнено е дека зголемувањето на стапката за пензиско и инвалидско осигурување е ново оптоварување на стопанството. Меѓутоа, не постои барем за мене, поголем срам за една држава кога заради дефицит во фондот аз пензиско и инвалидско осигурување ќе ги доведе пензионерите до питачки стап за га од срам на сопствената сиромаштија без пензии и без пари седат сами и гладуваат во своите старечки домови.

Само за потсетување, кога во своето последно обраќање фондот за пензиско и инвалидско осигурување бараше зголемување на стапката за пензиско инвалидско осигурување, Владата даде негативен одговор. Ние и во расправата по висината на стапката, која беше ставена како точка на дневен ред на 68-та седница, која се уште е во тек и незавршена го отворивме проблемот дека Владата не може толку индиферентно да се однесува за санирањето на состојбите во фондот за пензиско и инвалидско осигурување, со давање несогласност за висината на стапката, без претходно пред Собранието да понуди целосна програма за санирање на состојбите во фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Можеби несреќа е тоа што одговорноста Владата ја префрла врз Собранието, со образложение дека фондот за пензиско и инвалидско осигурување, члеповите на Управниот одбор ги

именува и разрешува Собранието, така што за водењето на политиката на состојбите во фондот одговорноста ја сноси директно Собранието, без никаква одговорност за тоа да презема Влада- та на РМ.

Затоа, и ние во Комисијата за финансирање и буџет неколку пати повторувајќи досега, секогаш кога се разгледува барањето на фондот за ПИО за зголемување на стапката на придонесот ја завршувавме расправата со еден заклучок Владата да излезе со целосна програма за санирање на состојбите во фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Сега Владата дава согласност на стапката од 20%, за која пред извесно време, можеби пред еден месец даде негативен став, а за потсетување само како обврските спрема фондот за ПИО, со што се зголемуваат дубијозите беа изигрувани со законот за исплата на личните доходи и ограничување на истите заради некакво евентуално стимулирање со интерните акции за трансформација на општествената сопственост,а најголем доказ за тоа е последната точка од расправата на овој прарламент, тоа е Законот за исплата на платите и пензиите во РМ, што го донесе Собранието, наспроти основните заклучоци на Владата и на нејзината Стабилизациона програма дека ерозијата на приходите за финансирање на јавните потреби, а тука се мисли и на фондот аз пензиско и инвалидско осигурување се резултат на масовна незаконска евазија на плаќањето на придонесите и даноците и заради таквите проблеми состојбите во фондот за пензиско и инвалидско осигурување за неможност од подмирување на обврските спрема пензионерите.

Со амндманска делување на овој закон беше отстранета можноста одредбите од тој закон да не се однесуваат за правните лица кај кои средствата се во приватна сопственост. Ова го велам од причина што во

досегашниот период во постапката за пресметуваше на основицата за пресметување на придонесите од платата не беше утврдено во приватниот сектор и истите секогаш ги плаќаа придонесите врз основа на исплатените лични доходи односно плати кои самите ги утврдуваа, нормално не помалку од гарантираниот личен доход во Република Македонија.

И зошто го нагласувам повторно проблемот за донесување на програма за санација на состојбите во фондот за ПИО? Тоа го нагласувам заради создадените обврски кои ова Собрание ги утврди врз основа на донесениот Закон за буџети, усвоен на оваа 71-ва седница. Имено, обврските од членот 19 дека буџетите , покрај на општините, и буџетите на фондовите се изготвуваат и усвојуваат во роковите утврдени за изготввуање и донесување на буџетот на Републиката, а според членот 38 фондовите може да земат заеми за покриваше на буџетскиот дефицит само од буџетот на Републиката. Имајќи ги предвид овие обврски од Законот за буџетите, повторно ќе се наметне потребата, неможноста за измирување на обврските на фондот спрема пензионерите да се јави како буџетски дефицит кој ќе треба да се санира од буџетот на РМ.

Затоа, сметам дека Владата е пожелно уште еднаш актуализирајќи го тоа прашање да понуди целосна програма за санација на состојбите на фондот за ПИО, а не парцијално да се разрешуваат проблемите и состојбите со зголемувањето на стапката за придонесот сметајќи дека проблемите ќе ги решиме, наместо тоа дубијозите повеќе да се зголемат и повторно истиот проблем да се најде пред ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Фаик Абди

V/8.-

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека при оценката на ова што треба да го правиме денес за пензионерите, зголемувањето на стапката на придонес од личен доход, не знам колку и како сме ја разбрале оваа точка. Па дури, си немам за слобода да речам дека можеби се изнесуваат и некои квази теории, незнаејќи во практиката што се се случува и што треба да се случи за да не биде вака .Ако појдеме во било која работна организација да го прашаме оној , да ми прости, обичниот референт за личен доход како врши пресметка на личен доход и на сто нето денари колку доаѓаат другите давања или од бруто колку за ова, за она, и за фондот за ПИО, тогаш ќе ни биде јасно, ќе мора да ни биде јасно дека ова што се предлага е најнормално, иако се знае дека сето тоа е на товар на стопанството. Се согласувам со дискусиите кои укажуваат на тоа дека Владата би требало со многу позасилено темпо да работи односно да оформи даночна полиција, а за тоа даночна полиција треба да се плати многу за да не може некој да ги подмитува, за прибирање на долговите од приватниците, така да се создадат средства за општи и заеднички потреби и во таа смисла и за фондот и за пензиско и инвалидско осигурување. Овде ако се критикува нешто што било порано, меѓутоа во тоа време било многу убаво кога имавме закони за задолжително вработување на приправници, закон со кој се кажуваше дека има многу невработени, па ајде на "икс" години, докуп на стаж и брзо во пензија, да ги вработиме младите стручни кадри и што знам уште кои стручњаци под наводници, и т.н., нека ми простат за овој збор младите луѓе што велам стручњаци под наводници, па ете сега дојдовме до ситуација да имаме премногу пензионери и се чудиме што да правиме. Дали е исправно она што го предложи Владата односно дали е точно , тоа што разговараше мисијата на ММФ во Владата дека ние доцниме со 2,3 или колку месеци

и вака продолжиме ќе доцниме уште 5 до 6 месеци така што ќе дојде година за година, односно една година наназад. Или ова требаше да се направи за лека полека да се приближиме. Излезот е пак во она што постојано овде го говориме, а никако да ни влезе во памет несоодветна Влада, несоодветна држава и се брукаме себе си овде, ами просто напросто се она во кои услови живееме и работиме, опкружувањето и т.н. Само со отворање на повеќе работни места само со поголем општествен производ, така ќе се намали оваа давачка за пензионо и за други потреби. Ако тоа се намали , мислам на намалувањето на нашите работни организации, одење во пензија, под стечај и т.н., тие што ќе работат ќе имаат секогаш поголем процент давачки за општи и заеднички потреби.

Заради тоа, сметам дека ова треба да се префати, да се прифатат мерките што ММФ ги бара и сигурно ќе се оттргнеме од оваа беда и ќе запловиме кон подобри патишта и тогаш вработените кои на некој начин сега ги кубат повеќе, додуше 2% е 2% за пари, ако е нето 2% бруто е да неречам колку, тогаш ќе ни биде подобро на сите нас. и ние овде што сме, и на нас ќе ни биде подобро. Да не фрламе вина на не знам што ако не знаеме што е. Мислам дека не сме во право да обвинуваме, било која Влада да дојде овде, таа нема да рече - еве ви стопроцентни пензии еве ви уште толку пензија, еве личен доход или платата ќе биде толкава. Волшебно стапче нема. Ние сме во ваква состојба и мора вака да се однесуваме.

VI/1.- ДВ/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на насловот и на член 1 по кој претставникот на предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на насловот и на член 1, несен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот на член 1 се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам пред да гласаме ние мораме да утврдиме дали имаме точен број на пратеници.

Констатирам дека има кворум.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (55 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јануари 1994 година.

VI/2.-

Уште еднаш укажувам дека во салата имаме 61 пратеник.

Минуваме на **<u>точка 16</u>** - <u>Предлог на одлука за стапката на придонесот од пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1994 година.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на насловот на одлуката по кој претставникот на предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Одлуката поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандмано1? го ставам на гласање.

Кој е аза, молам да крене рака? (Никој ) .

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на одлуката, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за стапката на придонесот од пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1994 година.

Минуваме на **точка 17** - Предлог на одлука за стапката на придонесот на пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци и осигуреници, доброволно пензиско и инвалидско осигурување.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата, ви се доставени, односно поделени,

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на 1лен 1 по кој претставникот на предлагачот не се произнел.

Пратениците Алил Џафероски, Васил Зимбаков, Флоре Масалковски и Никола Поповски поднесоа амандман на член 1 по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор министерот Илијаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот поднесен од страна на Комисијата се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Алил Џафероски, Васил Зимбаков, Флоре Масалковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот поднесен од пратениците не се прифаќа.

**ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ:**

Со поднесениот амандман се предлага стапката на придонесот за пензиско инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци да изнесува 17% наместо предложените 20,64%.

Ова се предлага од причини на сите нас добро познати, заради тешката состојба на земјоделството во нашата Република предизвикано од затвореноста на пазарот, а со тоа и отежнатиот пласман на земјоделските производи, пред се од сушата што оваа година го зафати земјоделството. Поради тоа не треба да се зголеми стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на земјоделците.

Ако не може да се намали истата да остане барем како 1991 и 1992 година. Во таа смисла го поднесувам овој амандман и бараме поддршка.

VI/5.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Амандманот предложен од група пратеници целосно го прифаќам. Мислам дека овој предлог со ваква содржина во овој амандман многу е близу до реалноста на животот, односно до реалноста на состојбата со оптоварување кај земјоделците. Треба малку да се биде реален. Не може кога на широко се изразуваат реагирања од самите земјоделци за ослободување од пензиско - инвалидско осигурување и од други оптоварувања што ги имаат, кога се бара целосно ослободување, ние толку да не коинцидираме со реалноста и заедно со сите мерки на покачување и оптоварување го ставаме и порастот на пензиско и инвалидско осигурување на земјоделците. Причини за тоа да не се изврши пораст, односно зголемување има многу. Нив ги кажа претходниот дискутант. Имено, сите непогоди Што не задесија и суша и град и затварање на пазарите, сите се во ист склоп на околности кои неповолно како последица се одразија врз земјоделското производство. Мислам дека прифаќањето на овој амандман ќе биде она малку што ние како пратеници можеме да го направиме за земјоделците. Ако не барем да создадеме некои услови, а за тоа во претходните точки од дневниот ред имавме и Закон за поттикнување на земјоделието.

Имено, ако како Парламент не можеме да создадеме некои поголеми услови за поттикнување на земјоделието бидејќи таков рестриктивен закон донесовме, тогаш барем да ја искористиме оваа шанса, ба- рем да не го зголемуваме оптоварувањето во делот на пензиско и инвалидско осигурување, односно да остане истиот процент на зафаќање.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Прво, да ви кажам дека е некоректно и крајно одговорно од посочените пратеници во 12 до еден да поднесуваат еден ваков

амандман. Мислам маркетинг воопшто не се сега постигнува со еден ваков амандман и не ги разрешуваат проблемите на земјоделците, тврдам со бројки и со факт. Меѓутоа морам да кажам дека овој амандман е зависен од стапката 20%. Тоа е правнички автоматизам. Ако ние ја зголемиме стапката за сите граѓани односно за стопанствениците, мислам дека автоматизам е да се зголемуваат и наредните стапки за другите корисници на овие права. Непоштено е сега да правиме забуна.

Ако ме прашувате мене во однос на земјоделците јас би гласал за. Меѓутоа принципиелно овој амандман само прави една загуба и некоректност и кај присутните и кај земјоделците и мислам дека не треба на земјоделците многу голема солидарност заради тоа што тоа е од катастарскиот доход. И ова што сега се намалува не значи многу дека ги ослободуваме земјоделците од голем товар. Нашите земјоделци можат да го поднесат и овој товар заради тоа што треба да користат одредена пензија, а да не кажам дека и кај земјоделците пензијата моментално изнесува колку што изнесува старечката пензија, минималната пензија на сите 98 илјади пензионери. Мислам дека овде е апсурдно да правиме едни вакви маневри и да правиме некој рејтинг и маркетинг, еве ја предложив таков и таков амандман. Не го прифаќам овој амандман.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За да можам компетентно да се изјаснам по амандманот што е предложен, барам претставникот на Владата да даде образложение бидејќи претходно во целиот тек на оваа седница ме убедуваа дека за тоа се договорени со ММФ. Ме интересира дали предлагачите го имале предвид мислењето на ММФ или дејствуваат против ММФ. Молам претставникот да ми даде едно образложение.

VI/7.-

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Можеби требаше и по повод одлуките да се даде објаснување дека овие стапки и овие одлуки и Законот за пензиско и инвалидско осигурување се во духот и во договор со ММФ односно со Светската банка. Од тие причини гласам дека дискусијата на господин Петров пред малку а и на другите пратеници се во тој правец да се намали притисокот на потрошувачката во пензиско инвалидското осигурување и да се подобри краткорочно и долгорочно состојбата со пензиите во Република Македонија.

Јас не би сакал да се задржам повеќе на овие проблеми кои се доста присутни и актуелни но Владата чинеше, чини и ќе чини максимални напори да ја подобри состојбата со исплата на пензиите. Еве, во договор со ММФ и конкретните мерки што ги презема Владата сега краткорочни, успеавме октомвриската пензија да биде исплатена пред нова година. Имено втората група денеска се исплатува, во наредната недела ќе се исплати и третата група. Така да на пензионерите им должиме само две пензии, а со оглед дека платите во Македонија доцнат во просек еден месец, доаѓа реално дека пензиите во Македонија моментално доцнат еден месец.

Сигурно дека мерките што ги предлагаме во пакетот, рестриктивните во Законот за пензиско и инвалидско осигурување и оваа стапка која денеска ја предложивме со 20% и овие другите од земјоделието моментално 20,64, мислиме дека во голема мера ќе ги ублажиме состојбите во областа на пензиското и инвалидското осигурување,

Од тие причини, еве конкретно да му одговорам и на господинот Петров и овие мерки и овие стапки се договорени со ММФ. Затоа. не случајно ги предлагаме во пакетот на мерки од стабилизационата програма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?(не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(26 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од пратениците Алил Џаферовски, Васил Зимбаков, Флоре Масалковски и Никола Поповски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (56 пратеника)

Дали има некој против?(3 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Бидејќи никој не се воздржува од гласање, а "за" се 56, против 3, што значи вкупно 59, молам да се утврди точниот број на пратеници, или некој не гласал.

(стручните служби ги пребројуваат присутните пратеници)

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеника)

Дали има некој против? (4 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Ве молам, ќе го повториме гласањето. Нека си седне секој на своето место, не знам кој го бројат, кој не го бројат.

Кој сака да разговара , надвор ќе си излезе, ќе направиме пауза. Ве молам седете си на местото.

(стручните служби повторно ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Сега имаме 61 пратеник и ќе спроведеме гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(57 пратеници)

Дали има некој против?(4 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Бидејќи се сомневам во резултатите од гласањето и забележувам дека некој гласа и за и воздржан, молам секретарот по список да прозива.

Ве молам никакви шегувања, се донесуваат одлуки со одредени материјални консеквенции по луѓето и треба да бидеме сериозни.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(Прилог)

VII/3

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | не е тука |
| 3 . ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4 . ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | не е тука |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ЃОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКО ЃОРЃЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |

нд

VII/4

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗЛФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | не е тука |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | не е тука |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | не е тука |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | не е тука |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | не е тука |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | против |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | за |
| 60. ПАНЧО ММНОВ | против |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛЛДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 65. АВДНИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

НД

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | не е тука |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | за |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 82. ННКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 87. ШШКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | не е тука |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 37. НИКОЛА СТОЈАМОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

нд

VII/6

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | не е тука |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | за |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

VII/7

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 61 пратеник, од кои 55 за одлуката, 5 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување.

Пред нас сега се на дневен ред 5 многу важни точки од битно значеше за целокупната програма. Ако мислите да ги завршиме без пауза, добро.

(да продолжиме, нема пауза)

Повикајте ги пратениците да влезат во салата сите. Господинот Фаик Абди има процедурална забелешка.

**ФАИК АБДИ:**

Пред малку ми беше префрлено од страна на господинот претседател дека не смеам да седам таму (покажува на левата страна, на клупите каде што седат министрите на Владата), јас верувам дека тоа не значи некоја остра или не знам каква, цврста забелешка, верувам во демократичноста на г-динот Андов и секој може од нас да седи каде што сака, се разбира во овие два реда не може бидејќи таму седат министрите на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Абди беше се измешал со члeновите на Владата, не го бројат него. Јас барав да си седнете на место за да може да се утврди точен број, ве молам.

Бидејќи имаме кворум за работа, да поминеме на наредната точка

Предлог на закон за данок од добивка.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

**ХАМИД АЛИУ:**

Господо пратеници, во својство на излагач на Комисијата за стопанство Ве известувам дека во расправата на Комисијата доминираше мислењето дека со Решението во законот нема фундаментални измени во смисла на даночниот систем.

Поголем дел од забелешките дадени на Комисијата во претходната фаза не се вградени во Предлогот на законот. На истиот Комисијата предлага неколку амандмани, меѓутоа, од сите предложени амандмани, три, Комисијата првиот амандман го повлекува, а другите два остануваат.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, и на минатата расправа по Нацртот некои забелешки беа изнесени, но во Предлогот на законот се гледа дека некои од нив не се , или никој од нив не се уважени, не се вградени, па јас само заради повторување на она што тогаш го имав како размислување и предлози да го повторам и сега, а мнозинството ќе си одлучи, се разбира.

VII/9

Сугестијата беше дека таа може да биде пониска и би било добро да биде пониска, не повеќе од 20 до 25%, затоа што прикривањето на добивката и натаму ќе биде актуелна тема. Со помала стапка повеќе пари ќе се соберат од оданочувањето на добивката. Тоа е емпириски потврдувано. Тоа е едната забелешка, а воедно и сугестија.

Второ, минатиот пат имаше дискусии не само од мене, туку и од други пратеници дека целокупната реинвестирана добивка треба да биде ослободена од оданочувањето. Предлагачот повторно го задржува истото решение и вели дека се ослободува само 30 насто од реинвестираната добивка. За тоа решение тврдам дека не е добро и дека сепак треба целокупната реинвестирана добивка да се ослободи.

Следната забелешка е дека во овој закон повторно не се вградени ослободувањата од донациите. И тогаш имаше сугестија разните видови донаторства да бидат ослободувани што го прават сите земји во светот односно сите што се малку понапред или малку повеќе понапред од нас.

**ПЕТАР ГОШЕВ: (**Продолжение)

Значи, решението е исто така оставено. Тоа би било многу корисно за тие организации, за тие хумани намери и намени да се ослободува дел од добивката што би бил насочуван во разни донаторства.

Исто така, во членот 20, и тогаш имаше предлог делот со кој би се намалувала даночната основица за промоција, пропаганда и реклама е ограничен на три проценти. Предлози постоеја дека пропагандата и рекламата е инвестиција на самата фирма, тоа е трошок за фирмата и треба да нема ограничување на тој дел на трошоци. Вкупниот дел што оди за реклама и пропаганда исто така треба да се ослободат.

Според тоа, во дискусијата, колку што можев да забележам доминираа вакви забелешки минатиот пат а предлагачот ништо од тоа не уважил. Во овие забелешки навистина има корисни сугестии особено за реинвастирањето на добивката на претпријатијата треба да биде ослободена.

Математиките за сегашниот биланс на полнење на буџетот се една работа, меѓутоа, оваа работа е многу корисна за заживување на инвестициите и за намалување на евазијата на даночните уплати.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас исто така ќе укажам на забелешките што беа изнесени од Пратеничката група на Либерална партија во делот на расправата по Предлог - законот за донесување•на данок од добивка со тоа што и во пратеничката група на Либерална партија имавме мислење дека генерално се она што се

ограничува или во законот се вградува како ограничувачки фактор а тој е проследен низ овие ограничувања што се во членот 20 каде што се ограничуваат одредени издатоци како што се промоција, реклама пропаганда исто така и во делот на ослободувањата што треба да бидат во функција на реинвестирање се е во функција на еварзија на самата обврска на плаќање на данокот од добивката. Но, во периодот кога ние расправавме по Предлогот за донесување на овој закон не беше во функција на стабилизациона програма, туку во редовна процедура и ова што сега се нуди може да биде прифатливо само како едно решение за 199 4 година, бидејќи сметам дека и овој закон е во функција на стабилизационата програма, па квантифицираните приходи што треба да се остварат во овој закон сигурно не би требало да се нарушат, а воедно да имаат влијание на билансите што се предвидени за реализација на стабилизационата програма. Само во таа функција или во тој контекст треба денеска да го< прифатиме Предлогот на законот, инаку тој низ неговото спроведуваше и пракса ќе покаже дека овие решенија што сега се нудат не се добри и не се стимулативни посебно за стопанските субјекти кои се во повој или во развој.

Имаме доста стопански субјекти индивидуални, приватни кои имаат почетни вложувања дури сега влегуваат во одредени дејности а сигурно во таквите свои програми за развој имаат вградено и одредени добивки што планираат низ нивното натамошно работење. Но, цена дека ова е само решение за 1994 година и праксата треба да покаже во делот на она што треба да се вгради и да се прилагоди на пазарни услови на стопанисување односно да се користат решенија од земјите со пазарна економија и долга традиција.

VIII/3

Ме изненади тоа што се предложија одредени решенија што беа во функција на подобруваше на текстот што е вграден едек- нов член тоа е членот 22 од Законот што воопшто не беше во претходната расправа дискутирано, а во општиот претрес беше посебно истакнато во делот на она што значи сега еден нов начин на финансирање на високиот спорт. Или, со неможноста за редовно финансираше низ механизмите кои порано го имавме со издвојување на буџетски средства се отвора нова можност посебно високиот спорт се финансира преку одредени спонзорства на стопанските субјекти кои ги имаме веќе во нашата пракса.

Во членот 22 се исклучуваат исплатите по основ на стичендии и истиот не се признаваат на товар на расходите на даночниот биланс освен уплатите извршен преку општествените фондови. Сметам дека ова беа едни од формите што можеа легално да бидат ставени во функција на финансирањето, сега и тие форми се ускратуваат така што на одредени стопански субјекти им се налага да наоѓаат разни свои механизми да го одбегнат прикажувањето она што е реалност дека одредени врвни спортисти се финансираат преку одредени издатоци на име на стипендии Сигурно дека тука треба да биде стимулацијата за други стипендирања во стопанските субјекти зошто само општествените фондови да можат да стипендираат одредени кадри и не само во спортот туку делот на науката или во делот на потребите на самите претпријатија. Сосема мал дел од издатоците се вградени во самиот закон и истите не се признаваат како трошок направен во самите стопански субјекти. Сметам дека тоа се сосема мали издатоци и понатаму во праксата ќе бидат одбегнати да се прикажат наместо легално да се прикажуваат и да бидат стимуланси за другите стопански субјекти кои влегуваат во овие услови на финансирање дури и на цели клубови како спонзори кои сигурно го подобруваат квалитетот во спортот, а воедно ја афирмираат државата на меѓународен план односно се

подготвуваат екипи кои можат да се носат со екипите кои се натпреваруваат во другите земји. Инаку други форми на финансирање нема на овој дел сигурно формата на спонзорството преку одредени стопански субјекти, а тоа се остварува преку исплата на стипендии итн.

По однос на одредена забелешка од Комисијата за стопанство што беше упатена на членот 20 јас го прочитав образложението на

Владата и сметам дека треба да се повлече тој амандман што е од Комисијата за стопанство во делот на додавање на член 20 исто така додавање на спортот бидејќи одредени издатоци во рамките на 3% од вкупниот приход можат да се вградат и во делот на промоција пропаганда реклама и репрезентација. Значи, би се оптоварил текстот и не би требало тука да се вгради и сметам дека членовите на Комисијата ќе прифатат да се повлече и тој амандман.

Исто така и третиот амандман е од техничка природа гледам

Владата не го прифатила и сметам дека не менува ништо во самиот закон | и тој би требало од страна на Комисијата да биде прифатен. |

Единствена забелешка давам на членот 22 во општиот претрес 1 за кој има амандман и сметам дека Владата во меѓувреме треба да размисли и тој амандман да го прифати бидејќи сметам дека многу малку влијае на вкупните квантификации кои ќе се направат во реализацијата, на овој закон.

**ДИМИТРИЕ ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, во врска со Предлогот на законот за данокот од добивка излегов само заради едно потсетување во овој дел од расправата, имено, само да ве потсетам дека кога имавме расправа за анализата за состојбите во спортот во РМ ова Собрание усвои еден заклучок кој ќе го цитирам, тоа е четвртиот

заклучок кој вели: "заради подобрување ан материјалната положба на спортот, Собранието укажува на потребата Владата да ја согледа можноста при зготвувањето на предлогот на закон за данок од добивка да бидат ослободени сите вложувања во спортот од плаќање на даноци". Тоа го констатиравме и го усвоивме како заклучок едногласно со консензус, а колку се сеќавам само еден пратеник беше воздржан, меѓутоа во оваа фаза не само што не е земено ништо како олеснување на оваа дејност, туку дури е внесен и членот 22 кој не беше во претходната

расправа, а кој значително ја отежнува и онака тешката ситуација на спортистите на РМ. Имено, на име на спортско усовршување тие спортисти добиваат некаков надомест кој е минимален, кој не може да има никаков третман на плата, стипендија, значи една материјална помош во кој случај ја користат спортистите за доаѓање и одење на тренинг и за појачана исхрана,да ве потсетам прават значајни спортски резултати на меѓународен план кои не се можни со леб и ајвар, мора да се внимава на тоа и за тоа во овој дел на расправата само сакав да ве потсетам на она што го имаме како обврска спрема спортистите на РМ и спортските работници, а ние како Собрание направивме убава клима и се согласивме дека ќе помогнеме на таа област која е значајна за афирмација на нашата држава.

Сакам само да ве потсетам дека спортистите се првите граѓани на РМ во чија чест надвор се вееше македонското знаме и се уште се ве<а и ќе се вее. Затоа барам едно разбирање отколку што е дадено во Предлогот на законот за данок од добивка за што го услови кога го усвоивме буџетот, а тој буџет не покрива ни 20% од вистинските потреби на спортистите во 1994 година, јас не знам на кој начин ќе реализираме една обемна програма во која македонските спортисти во 1994 година ги очекуваат две олимпијади, една зимска која е на прагот, Шаховска,

олимпијада, ги очекуваат 12 светски првенства, ги очекуваат 23 европски првенства, ги очекуваат 15 балкански првенства, ги очекуваат меѓународни критериумски натпревари повеќе од 100.

Нашето зачленуваше беше макотрпно, зборувам како спортски сојузи, макотрпно зачленувањето во меѓународните спортски асоцијации Тоа ни донесе права, меѓутоа, ни донесе и големи обврски. Ние не можеме наша екипа која изборила учество во некој систем на натпревари кој е меѓународен да не учествува. Тоа носи големи казни дури и исклучувања.

Од тие причини сакам да ве потсетам дека на тие натпревари настапуваат репрезентативни состави на македонските репрезентации значи состави кои не се били кој, туку се работи за меѓународен спор и обврска на нашата држава спрема меѓународниот спорт. Затоа, спортистите и спортските работници очекуваат голема помош од Собранието и од усвојувањето на овој закон.

Јас си земам слобода и право кога ќе се расправа поединечно за амандманите кои се поднесени, да дадам и други образложенија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот аз финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас мислев дека ќе нема потреба од општа расправа по законот туку дека веднаш ќе поминеме на расправа по амандманите. Меѓутоа, јас ќе тргнам од последната расправа. Се создаде впечаток овде алтернатива доколку се ослободи инвестирањето за спортот сите овие проблеми што се во спортот се решени. Јас категорично овде тврдам дека овде не е на дневен ред решавањето на проблемите на спортот дури и да се прифати амандманот дека добивката ќе се инвестира во спортот, а знаеме колку

е добивката,колку е ставката и кој заради тоа ќе инвестира, сите проблеми што ги нареди господинот дискутант ќе бидат за спортот на Македонија. Тие што се залагаат за спортот во Македонија треба да се залага; за повисоки стапки на даноци и да дојдат поголеми пари во Буџетот за да државата интервенира и да има увид за циркулацијата на парите во државата, а не да дозволи како досегашниот социјалистички даночен систем по разни ослободувања и олеснувања никој да не знае колкав е успехот, колкава е добивката на стопанските субјекти и кои се нивните обврски и за развој на спортот и за развој на образованието и за развој односно финансирање на државната управа.

Сакам да предупредам уште на еден факт, вчера е донесен заков за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет. Треба сите да сме свесни дека оваа влада предложи општата стапка на данокот на промет од 42% да се намали на 25%. Значи двојно помалку. Данокот н промет е најголемиот извор на приходи во буџетот на Републиката Апсолутно најголемиот. Кој тврди овде дека оваа Влада сака да собере многу пари во Буџетот, мислам поголем демант од тоа нема. За да не се доведе во прашање функционирањето на државата од таков ризичен одеднаш опремен потег општата стапка на данокот на промет се намали од 42 на 25% треба сите да бидеме претпазливи на однапред прифатената филозофија дека даночниот систем ќе го ослободиме од сите олеснувања и ослободувања. Не од сите туку тие^што се наведени.

Овие закони беа како предлог па како нацрт и има констатација на Комисијата за финансирање и буџет која не беше комплетна само имаше кворум дека многу сугестии од расправата на собраниските комисија па и на Собранието се прифатени. Имаме таков писмен извештај кој не ви е доставен со Законот, па кој е заинтересиран можеме да го умножиш и да ви го дадеме затоа што со факти е наведено таму кои сугестии од која

комисија се дадени, кои се прифатени кои не се прифатени и зошто не се прифатени. Таков писмен извештај, јас го имам тука, според тоа, не е вистина дека ништо не е прифатено од тоа.

Трето, ние многу пати сме се повикувале како се дојде до овие закони и до концептот.

Прво, беше ангажирана нашата врвна наука за финансии и даночен систем. Изготви елаборат. После тоа во текот на оваа година додека мисиите на експерти не мисиите на фондот не само од ММФ, туку и од други што ни пружат техничка помош.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ: (**продолжение)

Тие ги прочитаа сите овие закони. Нигде не се рече дека нашата стапка од 30% е многу висока, затоа што таа спаѓа меѓу пониските. Според тоа прифатени се и сугестиите таму каде што е можно, прифатени се сугестиите од техничката помош на мисиите на експерти на меѓународни финансиски и други организации од оваа област, меѓутоа ги гледавме и амандманите за кои еден по еден ќе зборуваме но тие имаат една иста цел. Имено повторно да не се знае што е добивка и таа да се оданочи, да оди во буџетот и да се финансира она што од буџет се финансира. Толку по овој и наредните закони, јас сакав прво да дискутирам односно повеќе да ве потсетам како течеле работите и кои биле расправите но мислев дека ќе нема расправа затоа што околу тоа доста сме расправале. Меѓутоа, изгледа се јави оваа потреби и еве се јави да речам дека еве и наредните закони се обремените со тенденција да се воведат и повторно да се инаугурираат олеснувања ослободувања. Меѓутоа, ако таму данокот на промет го намалуваме и тоа стапката скоро за дупло, ве молам акцизите што ги наведуваме , на тие производи и досега давачките кон државата биде толку, само сега ги издвојуваме да не бидат со стапка од 25% израменти со данокот на промет. Според тоа немаме не знам какви додатни приходи. Ако и кај овие закони персоналниот, даноците на имот, да- нокот на добивка одиме да ги прифатиме овие сугестии, ние не може да ризикуваме. Поголем ризик од тоа намалување одеднаш на стапката на данокот на промет, да одиме кај другите со нивно релативизирање и олеснувања и ослободувања, мора да сфатите дека тоа не е можно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

IX/2

**ФАИК АБДИ:**

Јас не се согласувам со образложението на господинот министер за финансии, како да овде се повторува некоја социјалистичка не знам идеја за ослободување од ова од она, не навлегувајќи во вкупните билансни позиции и во позициите на одделни министерства. Сакам да кажам нешто во врска со членот 20 каде што овде ни е малку чудно за што ние разговараме доста за оваа проблематика. Имено се вели дека вкупните издатоци за промоција, пропаганда, реклама и презентација се признаваат како расход во даночниот биланс најмногу во висина до 3% од вкупниот приход. Па добро можеме да се разбереме ние еднаш дека ова фигурираше и важеше токму во социјализмот токму во тие времиња кога ЦК на СКМ заседаваше и ќе предложеше на ова собрание овде да се намалат трошоците за реклама и пропаганда, да се намали за ова или за она. Тоа е токму она што овде го пишува. Дури и тоа да бидат за 10% пониски од минатата година. Ова го зборувам затоа што јас сум практичар и во пракса ги спроведувам овие работи. Мислам со вакво нешто и со вакво ограничување ние воопшто ќе го ограничиме развојот на спортот, културата и другите манифестации на кои веќе го навикнавме и така нашиот сиромашен народ малку да се занимава со спорт, спортување, почнувајќи од масовен спорт па до врвниот спорт Според тоа јас сум за тоа да не постои ограничување како што овде стои дека може до 3%, туку тие да бидат предмет на ослободување. Не е точно не ќе се води есап , нема да има финансиска полиција, колку било тоа како вкупниот приход е формиран и врз која основа и како се финансираат тие работи и сега да не зборувам ептен стручно и што се тоа материјални расходи и овие трошоци за реклама промоција, пропаганда, репрезентација да бидат третирани како материјални расходи, како одбитни ставки за не оданочување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас прво. сакам да го поддржам образложението на господинот Поповски во врска со барањето издатоците за унапредување на врхунскиот спорт да не бидат во основицата за оданочување и да кажам дека сосема е погрешен пристапот кога се бара сите пари да одат прво во државата , не знам во буџетот, па преку буџетот да одат во спортот. Ова заради тоа што ова веројатно се коси со некои концепциски пристапи за тоа како спортот во целина треба да се финансира. Затоа што треба да се стимулира што е можно повеќе самофинансирање на спортот и преку ваквиот вид и со донациите и сл., а не државата преку проширувањето на директните пари од буџетот едноставно да го поддржува спортот . Значи тоа се концепциски пристапи различни.

Во врска со врхунскиот спорт оваа држава треба да направи повеќе затоа што го имаме ние примерот од Штудгард кога беше забуната со знамето . Таа забуна во врска со знамето откри и некои други работи. Тие други работи беа исто толку поразувачки колку и ова, дури и повеќе зашто се испостави дека тие луѓе одат во својство на репрезенти на РМ а таму беа присутни со сопствени патики, сопствени тренерки, различни, без сместување и тоа е една екима од двајца атлетичари. Тоа навистина е срамота. Затоа се знае за спортот, сега да не држиме тиради се е познато и односнот на земјите кон врвниот спорт кој што на меѓународен план ги презентираат, исто така совршено е познато и не треба во врска со тоа да се убедуваме. И тоа не е никаква голема отстапка ако донациите за врвниот спорт директните давања на фирми и на лични пари да бидат ослободени од даночната основица. Се разбира точно е дека тоа нема да ги реши проблемите во врвниот спорт, бидејќи тие се многу пошироки и во спортот воопшто но ова е едно од тие средства кое што може барем малку да придонес. Тоа е во врска со ова прашање.

Во врска со некои образложенија зошто некои ставови не се вградени и некои предлози во Предлогот на законот за данокот на добивката. Беше истакнато дека не е точно дека Владата сака да собере многу средства во буџетот. Јас би сакал Владата да сака да собере многу пари во буџетот за да може да извршува некои свои функции. Но, прашањето е како и на кој начин се собираат повеќе пари во биџетот. Дали со намалувањето на општото оптоварување на граѓаните и на претпријатијата, или со зголемување на општото оптоварување. Праксата покажала а и сите стручни совети верувам дека тоа било и во консултациите со експертите во врска со ова прашање дека просечното пониско оптоварување на населението и на стопанството обезбедува повеќе пари во буџетот затоа што ги намалува сите шпекулации во врска со евазијата на даноците. Беше изнесено дека Владата направила огромен чекор во растоварувањето од обврските од тој вид, ги намалила даночните оптоварувања затоа што данокот на промет, општата стапка се сведена на 25% за разлика од 43%.' Добро е што е на 25% намалена даночната стапка , добро е што е пропорционална стапката на данокот од добивка и што е 30% и тие ставови генерално ние. и јас лично ги поддржав на Комисијата. Меѓутоа, тоа не кореспондира со правата вистина дека даночното оптоварување со овие промени во даночниот систем е намалено од проста причина што ние јасно констатиравме односно самиот предлагач на промените констатира дека јавната потрошувачка во Македонија за идната година ќе учествува со 40% поени во општествениот производ за разлика 28% колку што се тврдеше дека ќе биде оваа година, ако тоа тврдење било точно дека 20 односно под 30% изнесува јавната потрошувачка. Точно е и тоа дека тие 40% формирана и планирана јавна потрошувачка како учество во општествениот производ не се сите од домашни извори, туку еден дел од 6% ќе биде алиментирана со кредити од меѓународна поддршка. И тоа е

точно. Но точно е дека кога ќе се соберат сите математики стопанството е за неколку процентни поени оптоварено повеќе со сите овие даночни промени. Тоа е точно.

Друга е дискусијата дали тие пари повторно што ќе се соберат во буџетот се доволни за алиментирање на сите грла што напојуваат од јавната потрошувачка било буџетот било фондовите. Тоа е веќе друга дискусија. И во таа борба се бараат овие проценти и математики. Меѓутоа, мислам дека ситуацијата е сепак по блиска до ова што јас го говорам.

И кога сме во врска со тоа општо оптоварував»е од 40% колку што ќе изнесува идната година, јас сум уверен дека во разговорите со експертите, претпоставувам дека е дојдено до дискусија дека земјата што е на повисок степен на развој јавната потрошувачка учествува со повисока стапка во општествениот производ, а што е земјата на понизок степен на развојот, општото оптоварување за јавната потрошувачка е по мало. Ми е жал што денеска не ги носам тие податоци да се види колку е Шведска, таа е повеќе од Македонија 55%, меѓутоа тоа може да се каже и за Швајцарија а за Америка за 50% можеби е тоа а земјите што се на нивото на развојот на Македонија и потоа ниво таа просечна стапка на оптовареност, односно просечните издвојувања за јавната потрошувачка секаде се речиси под 30%. Исклучок од развиените земји е Јапонија која што за јавната потрошувачка издвојува некаде околу 20%. Тоа се тие неколку факти според моето убедување факти што сакав да ги изложам во врска со оваа дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Славјанка Стојанова

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Конечно претседателот ми даде збор после почитуваниот колега Петар Гошев.

Јас би сакала да истакнам неколку моменти кои денеска беа на некој начин различно третирани по законот за данокот од добивка. Еве зошто конкретно, ако добро го погледнавте буџетот оваа ставка во буџетот данок на добивка за 1994 година изнесува 1,055 милиони денари или 3%. Ако тоа го споредиме за да го видиме оптоварувањето во 1993 година ќе дојдеме до еден заклучок кој што мислам дека ќе ги отповргне разните размислувања што овде беа искажани. А зошто? Заради тоа што во 199 3 година со стапките што сега имаме тоа се четири стапки во 1993 година кога го донесуваме законот за данок од добивка, овде во овој буџет средствата што се алиментираат во буџетот изнесуваат 7,2%. Значи имаме скоро 50% намалување на оваа ставка во буџетот за 1994 година. Што значи како стапка од 30% што беше овде на расправа дали е мала голема или средна, мислам дека сите оние дискусии на некој начин не важат. Значи доаѓаме до заклучок дека средствата од данокот од добивка во 1994 година се најниски со 3% и во апсолутен износ 1.055 милиони денари. Споредено со ланската година имаме драстично намалување што значи оваа понудена стапка во овој закон не значи поголемо оптоварување на сите оние што ќе плаќаат данок на добивка за 199 4 година. Тоа е едниот момент.

Понатаму сакам да се осврнам на член 31 од Законот каде што се зборува за даночните ослободувања, конкретно овој член дословно вака гласи: " на даночниот обврзник му се намалува даночната основа за износот на извршените вложувања од добивката во нови инвестиции т.е. реинвестирана добивка во Републиката, но најмногу до 30% од даночната основица во својата дејност". Што значи стапката е 30%. Ако

имаме ослободување за нови вложувања со 30%, значи целата добивка ќе биде ослободена ако се реинвестира. Ако добро забележавте во нацртот на законот за добивка имавме предвидено 20%. Тоа беше нешто пониско од она што го имаме сега. Сега имаме 30% на даночната основица и на неа се плаќа стапка од 30%. Значи целата реинвестирана добивка ќе биде ослободена во 199 4 година од оданочување. Иако, навистина тоа е точно дека стапката од 30% е една од најниските стапки што ја има во голем број земји . Ние да не се споредуваме со високо развиените земји . И земјите што се околу нас се на ниво на развој како што е нашата Република, стапката на данокот од добивка е тука некаде. Еве толку беше, така да речам моето излагање по овој закон не сакајќи да спорам за никого, туку сакајќи да изнесам факти што извираат од документите што ние ги носиме еве оваа недела.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Видете околу ова социјализам, не социјализам, ние додека имаме доминантна општествена сопственост ќе имаме и социјализам , се уште, на жалост. Кога ќе биде доминантна приватната сопственост дури тогаш ние ќе зборуваме за друг приод и тогаш ќе нема потреба од многу контроли на добивката затоа што ќе има кој да се грижи добивката да биде што поголема. Сега тоа го немаме. Го немаме тоа, констатиравме и самоуправувањето покажа и 30 години живеевме во илузија дека работниците се многу загрижени за добивката, и добивката полека полека стана минус. Сега сме во период на транзиција и одделни решенија во законот ги имаат предвид овие моменти кога се работи за нормирање на одделни расходи, како одбитна стапка за да се дојде до добивката. При ова треба да се има предвид дека има, така да се рече одредени работи кои се социјалистички , затоа што не е доволно да се

рече укинат е социјализмот ако општествената сопственост е од 80 до 90%. Тоа кога ќе се смени во обратно и тогаш дури ќе речеме дека дефинитивно расчистивме со социјализмот. Очигледно тоа ќе трае уште подолго.

И една втора работа, овде кога се зборува и споредува Македонија која прв пат во 1992 година е држава суверена, независна, меѓународен субјект таа не може да се споредува ниту со Шведска ниту со Јапонија. Разбирате, затоа што друга е работата. Кога градиш куќа имаш многу поголеми трошоци, треба да се среди двор и многу други работи. Откако ќе се изгради после трошоците се големи за одржување. Според тоа докажување овде како е тоа во Шведска не е никаков проблем, ќе побараме по телефакс и одма ќе знаеме какви се даноците , па и од Јапонија. Ама Јапонија е 1000 години држава, имаат амбасадори и други институции. Ние прв пат треба да имаме а уште немаме, коли, резиденции итн. итн. Според тоа не е упатно, барем додека не поминат 10 години најмалку како држава независна со сите свои прерогативи за да се споредуваме со тие држави што биле со 200 и 300 илјади години Јапан.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:** (продолжение)

Исто така, јас ќе се залагам да се помогне врвниот спорт и оние спортисти кои ја афирмираат државата само овде тврдам дека ќе треба други напори за помагање на тој спорт, а не тоа дека некои претпоставуваме дека еве ќе трча ако се ослободи од добивка, па утре веднаш ќе инвестира и веднаш тие спортисти на наредната олимпијада ќе бидат способни. Видете, вели инвестирање во спортот. Какво инвестирање? Ако градиш објекти, ефектите ќе дојдат после неколку години,а оние спортисти треба да ни одат после 5 месеци, треба да им се даваат готови пари, според тоа, не се работи дали е ослободен или не е ослободен.

Второ, кај оние три проценти, тоа е во даночниот биланс, може да трошам повеќе, ама при утврдување на основицата за оданочување не може повеќе од причините што ги реков пред малку. Се уште не ни е ситуацијата во продукциониот однос, што би рекол Маркс. Додека не се реши тоа малку ќе имаме и едно и друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Само уште овој пат се јавувам во врска со ова прашање и се извинувам што по трет пат се јавувам. Споредбата што ја направив со други земји имаше друга поука, а не оваа која што господинот министер ја извлече. Очигледно не сме се разбрале. Се разбира дека некои институции допрва треба да ги финансираме сами. Споредбата беше околу оптоварувањето, висината- на оптоварувањето во земји на тој степен на развој и во земји на овој степен на развој, без оглед дали сега

конституираме некои установи или не. Таа беше поуката, а пак споредбата што ја направив беше мотивирана од друго, од тврдењето дали даночното оптоварување вкупно за јавната потрошувачка или вкупно јавната потрошувачка се зголемува во однос на претходниот период или се намалува. Очигледно дека се зголемува, бидејќи сегашните тврдења на господинот министер беа дека имало потреба да се зголеми. Тоа е според оценка на Министерството и на Владата, а во претходното искажување беше искажано дека наводно вкупното оптоварување на граѓаните и на стопанството е намалено. Затоа беше тоа споредување со други земји кажано, а не за друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Петар Георгиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Јас само би сакал да кажам едно појаснување што овде беше изнесено од колешката Славјанка Стојанова, а веќе трет пат го слушам и сметам дека треба да се коригира, бидејќи не се ослободува 100% од реинвестираната вредност. Многу јасно во членот 21 се кажува дека од 100 денари остварена добивка се ослободува 30% на име на реинвестирање и на остатокот од 70% се пресметува стапката, така што во никој случај не може 100 посто да биде ослободено во реинвестирањето. Тоа е многу јасно 100 посто добивка, од неа се ослободува само 30% заради реинвестирање на остатокот од 70% се плаќа односно се применува стапката која е 30% тука, така што нема никаква врска стапката со ослободувањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Славјанка Стојанова.

Х/3.-

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Не сакав да зборам, ама по се изгледа морам. Ако убаво се чита членот 21, вели најмногу/до 30% од даночната основица, а на даночна основица се плаќа стапка од 30%. Даночната основица има стапка од 30% и од тие 30% е ослободено при реинвестирањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, се намалува за толку основицата, тоа сит еданочници го знаат.

Има збор министерот Бекир Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, имам чувство дека се враќаме на времето од пред една година,во почетните расправи. Доста од дискутантите што учествуваа вечерва во расправата околу законот имаа можност елаборатите да ги имаат во своите раце за новиот даночен систем и сите компарации што беа направени во европските и во другите земји и излучените решенија врз база на тие елаборати, затоа што на оваа земја во овој момент и одговара најповеќе и следствено на тоа беа преточени во законски одредби кои продолжуваат да се расправаа. И вечерва во трета фаза. Мислам дека треба да се поаѓа од фактичката состојба и вечерва не треба да се навраќаме да нагаѓаме дали е едното или другото затоа што ќе треба да ги отвориме елаборатите и да види- ме на што сме.

Второ, кога се расправа за овој данок, мислам дека треба да се расправа за реформата на даночниот систем, кој е инициран токму со тие елаборати и токму со овие 4 проекти на закони од кои едниот помина како измени и дополнувања на данокот на промет и акцизите како посебен закон и вечер се на расправа во тој комплет уште трите закони,

X/4.-

Законот за добивка, за персоналниот данок и за имот. Ве молам, секое решение што би се обиделе во едниот закон да го поместите лево или десно, тој има одраз во целиот комплекс, во целиот приод на даночниот систем. Говориме ли за реформа на даночниот систем и влегуваме ли со реформа или сега влегуваме со парцијални решенија и кој какви сфаќања индивидуално има по одделно прашање сакаме такви решенија да вградиме во закон. Ве молам, вечерва градиме комплексен систем, а него го рефлектиравме и во буџетот што некни вечер го усвои ова Собра ние, поаѓајќи токму од тој систем што се обидуваме со реформата да го вградиме. Имајќи го тоа во предвид кога расправаме, затоа што тој фамозен член 31 ако го изучите од целиот реформисти систем и од цела- та регулатива која е дадена само во текстот на овој закон, тој може да биде предмет на тркалезна маса и ќе најдете разно разни варијации што треба и како треба да биде решението. А земете го тоа во рамките на целокупната реформа на даночниот систем и најдете му го лежиштето во тоа и оттука да оцените дали тој е во контекст на целокупните решенија на реформскиот систем или го изучувате само како посебно прашање и расправате изолирано како да не расправате вечерва за систем. Ве молам водете сметка, затоа што можеме лоша услуга да си направиме, ако се откажеме од основни работи кои утре може да го деформираат целокупниот систем и може да не исфрли во друг агол.

Од тие причини, сметам дека и во дневниот ред не се случај но наредени тие затоа што се во трета фаза во расправа во Собранието. Инаку, заслужуваат да бидат пред буџетот уврстени и во зависност од тоа какви закони донесуваме овде, тогаш и таков буџет ќе прекроивме за 1994 година. Ве молам, мислам дека треба да водите сметка за овој аспект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Никола Поповски.

X/5.-

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека во толкувањето на членот 31 тој може да се претвори, всушност е еден од клучните членови на овој закон, јас мислам дека министерот треба да стане и децидно да даде образложение како го толкува овој член 31, со оглед дека тука имаме вклучувајќи го и претседателот на Собранието кој со својот коментар јасно укажа дека не го толкува како госпоѓа Славјанка Стојанова односно Петар Георгиев ит.н.

Јас овој член го подразбирам вака: дека постои ослободуваше од реинвестирантие средства во висина од 100%. Меѓутоа, се додека не се постигне со тоа 30% од даночната основица. После тоа почнува намалување. Некои го толкуваат дека за секое поединечно реинвестирање важи до 30%. А тоа е многу битна разлика. Јас членот го толкувам на овој начин, ќе дозволите еден пример. Ако има добивка од илјада денари и од неа реинвестира сто, ќе биде за сто ослободен. Меѓутоа, ако реинвестира петсто, ќе биде ослободен максимум до триста затоа што триста е 30% од илјада, што значи дека за секое поединечно реинвестирање 30%, јас го сфаќам така, се додека не се постигне износот од 30% од целата даночна основица може да се реинвестира во висина на ослободување од 100%. Меѓутоа, ако едното е помало од 30, тогаш ќе биде 100% ослободен<| Меѓутоа, сега овде произлегува дека некои го толкуваат дека за секоја поединечно ќе биде само до 30%, мислам дека и Петар Гошев така го толкуваше и претседателот на Собранието и мислам дека тоа е работа за која Собранието треба да добие толкување за да можеме да се изјасниме. Мислам дека би било полесно за мене, а верувам и за останатите пратеници, по овој дел од законот ќе имаат основа да се изјаснат по тој член. и по амандманите на тој член. Зашто во суштина ние гласаме, за секое поединечно или за вкупната добивка која на крајот се утврдува со даночниот биланс.

X/6.-

Само уште една моја забелешка, иако мислам дека е надвор, меѓутоа вред. Висината на финансирање на општествените потреби од општествениот производ зависи од степенот на развојот на државата, меѓу- тоа зависи од големината на државата. Една држава со 200 милиони население финансира амбасади, финансира и една со 2 милиони. Универзитет се финансира и со 5-6 милиони население, се финансира и со 2 милиони население. Значи оптоварувањето е директно, зависно од големината на државата. Еден генерал штаб е и за 200 милиони и за 2 милиони. Иако така има многу реалтивнсоти, има и апсолутности кои не можеме да ги исклучиме. Мала држава е упатена голем дел да издвојува за своите јавни потреби затоа што е помала од поголемите , нормално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би кажал нешто исто така.

(Претседателот Андов излегува на говорницата).

Јас потсетувам дека по оваа материја ова ние трет претрес и имавме по Предлогот за донесување на закон, по Нацртот и сега исто така. Сите ние два пати си кажавме што мислиме, дадовме многу предлози и очигледно дојде до некоја разлика во концепциите и во даночниот систем и во посебните видови даноци кои ги имаме и нивната поединечна функција. Тоа не е ништо страшно. Нема апсолутни вистини како што знаете. Има периоди кога еден даночен систем во одредени услови дава добри резултати, а од многу околности во други земји таквиот систем дава малку послаби резултати. Вие знаете дека хармонизацијата на даночните системи во Европската заедница сега Европска унија беше долгорочен процес и под многу големо внимание. Според тоа, воопшто да не не чуди тоа што овде има различни погледи. Меѓутоа треба да сфатиме дека Владата и овој закон, како и другите

закони, како што пакетот ни го предложи има право да се определи во дадениот момент што сега таа смета дека треба да предложи како закон за добивка и во тој поглед мислам дека не е добро денес концептуалните проблеми повторно да ги покренуваме, затоа што можеме да не гласаме за тој закон, но очигледно Владата тоа право го има. А не е добро сега да ги покренуваме затоа што ги кажавме, ги испретресовме, ги изложивме, кажавме кој што има и кој како гледа на добивката, на данокот на добивка, данокот на промет и т.н. Ако сака некој да потсети, само треба да потсети и некои така направија, потсетија како тие гледаат и колку тоа е важно да кажеме за евентуалната неефикасност или помала ефикасност после на овој данок во вкупниот развој, треба после да се има предвид за да може да се прават промени.

Инаку, мислам дека во овој поглед од масата амандмани еден добар дел се амандмани од пратениците на парламентарното мнозинство, по мое мислење би требало сите да се повлечат, доколку и даваме поддршка на Владата, него поставуваме тоа прашање, освен 2 амандмани од господинот Поповски за кои сметам дека во Владата се има доста расправано и доста се има ветувано некои работи. Едниот амандман е околу квалификацијата на стипендиите како плати. Мислам дека ако се ограничиме само на врвните спортисти, треба да се усвои амандманот на господинот Поповски. Тоа^е многу мал број луѓе нема да претставува буџетски товар и нема да претставува некој кој знае каков пресврт во концепцијата.

Исто така, мислам дека е можно, не треба да се усвои оној амандман јас колку што можам да ја насетам концепцијата на Владата, Владата мисли дека имаме пренапната јавна потрошувачка и преголем

ризик во остварувањето на буџетските приходи наредната година. Тоа се две карактеристики кои нив ги преокупираат и ако го видите излагањето на министерот, тој на тоа се враќа по било која точка да расправаме. Тие две работи се, големи се товарите, а од друга страна ризикот на собирање прво на кондиционалната состојба на обврзниците, потоа каква основица ќе се формира, па колку ни се ефикасни службите. Ние дури денес имаме овде два закони да ги уредиме службите што ќе ги собираат. Сето тоа ја тера Владата на крајно внимание и мислам дека оној амандман кој подразбира ослободување на дел од добивката што би се инвестирал во спортски објекти да не се усвои оваа година, не е таква годината, па после можеме да размислуваме за натаму како ќе учествува во спортот добивката на стопанството и т.н.

Понатаму, мислам да се усвои оној третиот амандман, само по редот не знам како е дека Поповски ги определи, за спонзорирање и ослободување на делот од добивката кој ќе служи за спонзорирање на активности кои се во програмата на врвните спортисти, меѓународните, каде што Поповски рече дека сме задолжени да учествуваме, да не не избркаат од некаде, заради тоа што не учествуваме на овој турнир, на оној квалификационен турнир итн. Во тоа е работата, само тие два амандмани, а сите други амандмани јас мислам нека чекаат подобро време кога ќе се измени концепцијата.

А за овие недоразбирања, јас не би ги расправал овде. Во концептот на законот не постои добивка од парче. Во концептот на закон постои добивка во годината и до 30% од таа добивка што ќе биде, било колку да е остварена, тоа што ќе биде инвестирано, до 30% ако изнесува добивката не се оданочува. Другото се оданочува по 30%. Колку е законот е јасен и секој даночник тоа го знае од нас подобро и овде не треба да расправаме. (Претседателот се враќана претседавачкото место).

X/9.-

Има збор пратеникот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ова излегување на говорница не е во врска со излагањето на претседателот на Собранието, кое што може и така да гласи, образложение се разбира. Ова е во врска со големата и малата земја. Големата земја како на пример Америка има потреба да отвора на пример амбасади и во Македонија и во Бурундија, има економска моќ, има интерес итн., има потреба да праќа војски во Европската заедница и во Македонија и на други места, а малата земја како Македонија нема потреба да праќа амбасади во Бурундија, војски и т.н., па во таа смисла се димензионираат исто така некои расправи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор во општиот претрес? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски поднесоа амандмани на член 28 за додаваше нов став 2 по ставот 1 и на член 35 за додавање нов став 2 и по ставот 1.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 18 на член 20 и член 34, а Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 4 став 1 по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 22, член 27 став 2,член 34, член 48 и член 53, а Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 36.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на насловот на законот и во целиот текст на законот за заменување на зборовите "данок од добивка" со зборовите "данок на добивка". За менување член 22, за додавање нов член 28-а, член 33 став 1 и 2 и на член 34 за додавање нов став 2-а.

Пратеникот Димитар Поповски поднесе амандман на член 35 и за бришење на член 22 по ЈСОИ Владата не се произнела.

Пратениците Душан Трпчевски, Доста Димовска и Томислав Стефковски поднесоа амандмани за бришење на член 6, за менување на член 9, за менување на член 10, за менување на член 12, за бришење на член 13, за менување на член 14 и за менување на член 16 по кои Владата не се произнела.

XI/2.-

Пратениците Газменд Ајдарага и Шабан Превала поднесоа амандмани на член 14 за додаваше нов став 2 по ставот 1 и на член 39 за додавање нов став 2 по ставот 1.

Пратеникот Димитар Поповски поднесе амандман на член 32 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот и на целиот текст на законот за заменуваше на зборовите "данок од добивка" со зборовите "данок на добивка", поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот на Законодавно - правната комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Пред да минеме на гласање ги молам сите пратеници да влезат во салата, тие што се наоѓаат во холот.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

Недостасуваат уште двајца пратеници за да можеме обезбедиме кворум и да одиме на гласање.

XI/3.-

Ве молам погрижете се и повикајте ги пратениците нека влезат во салата, да обезбедиме кворум.

Очигледно дека немаме кворум за работа.

Ве молам ние имаме пет исклучително важни точки што сега ни претстојат за усвојување, вклучувајќи ја и оваа и сите треба да бидат донесени во разумно време пред истекот на оваа година, за да може да се преземат соодветни мерки да можат да бидат законите и прописите применувани. Сите тие се во склопот на Програмата. Ние веќе ги донесовме поголем број од законите што имавме обврска спрема ММФ и Владата може да го извести за тоа Фондот. Но, тоа да функционира мораме да ги донесеме сите закони за даноците и законите за институциите кои ќе го вршат платниот промет и управата за приходи. Тоа се пет неопходни закони. Важни се сите закони, меѓутоа овие мора во одредено време да се донесат.

Затоа јас упатувам повик до сите сега неприсутни пратеници и тие што се присутни да дојдат утре да можеме на време да почнеме да работиме. Јас знам дека тоа разбива многу домашни потреби на луѓето, но пред таква задача сме сега. Молам да сфатиме дека тоа е веројатно неповторлива задача. Немојте за мали комисии наши да напра- виме доста големи незгоди за цела земја.

Сите сега присутни пратеници и оние кои не се присутни ги повикувам утре да дојдат. Јас пак ја закажувам седницата утре 10 часот, но да не чекаат повеќе од 11 за да можеме утре да вршиме најважните работи.

Ја прекинувам денешната седница и молам утре сите да бидеме во сала.

(Седницата прекина со работа во 18,